# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2008 ГОДИНА

*Јануари 2008 година*
*С к о п ј е*

# ВОВЕД КОН ИЗВЕШТАЈОТ

Стопанската комора на Македонија, со успешното и ефикасно извршување на функциите што произлегуваат од Законот за Стопанската комора на Македонија и со Статутот, ја зајакнува својата позиција како најрепрезентативна бизнис асоцијација во земјата. Во текот на 2008 година Комората реализира бројни активности од кои позначајни се:

- Комората го актуелизира социјалниот дијалог како метод на ресавање на прасањата во стопанството и поинтензивно отпочна да ги реализира активностите во рамките на јавно-приватното партнерство со Владата на РМ во областа на стопанското законодавство,
- Комората активно работеше на реализација на приоритетите за економската политика за 2008 година, а ги утврди и предлог мерките за подобрување на бизнис амбиентот во 2009 година.
- Комората успешно продолжи да ги извршува услугите кои, пред се, ги нуди на своите членки, а голем е бројот на заинтересираните субјекти за овие услуги од земјата и странство
- Здруженијата на гранки го профилираа своето работење во новите услови и самостојно ги презентираа своите гледања на состојбите во областите кои ги покриваат и во застапување на своите предлози до надлежните органи.
- Организирани се голем број бизнис форуми, презентации, трговски кисии, учества на саеми, билатерални средби на наши со странски фирми.
- Комората реализира голем број на семинари за практични прашања поврзани со развојот на бизнисот, особено се значајни семинарите за користење на фондовите на Европската Унија.
- Во напорите за изнаоѓање алтернативни патишта за реализирање на нашиот извоз Комората воспостави соработка со пристаништата Драч и Бар и го промовира маршутниот воз од Бар до Македонија.
- Регионалните комори остварија значајни активности особено во соработката со органите на локалната власт во дефинирањето на програмите за локален економски развој, во реализацијата на повеќе семинари за бизнизмените од подрачјето на регионалните комори, како и во воспоставување на соработка со неколку регионални комори од соседните земји и пошироко.
- Комората интензивно учествуваше во рамките на активностите што се реализираа за неколку проекти во рамките на Асоцијацијата на Балканските комори. Комората учествуваше на гебнералното собрание на АБЦ и на балканскиот економски самит во Истанбул на кој се расправаше за надминување на проблемите предизвикани од глобалната криза.
- Комората со успех ја продолжи соработката со Асоцијацијата на европските комори. Комората е носител на проект за развој на преспанскиот регион во соработка со Унијата на албанските комори, трговско индустриската комора на Трст и општината Ресен,
- Остварени се голем број контакти со претставници на комори и бизнис асоцијации од голем број земји на кои се презентирани можностите за соработка со нашите фирми.
- Комората ја посетија голем број на странски амбасадори и претставници на бизнис организации на кои им се претставија можностите за соработка со македонските фирми.
- Комората потпиша меморасндуми за соработка со Универзитетот Свети кирил и Методи и со Центарот за управување со кризи.
- Комората активно учествуваше во работата на Националниот совет за ЕУ интеграции
- Комората помогна да се воспостават голем број контакти на наши со странски фирми

## Некои фактографски податоци:



**Во Вашата бизнис канцеларија** се издадени 16.223 разни документи за ефикасно водење на бизнисот на членки и нечленки и тоа:

- 1160 сертификати за потекло на производите (форм А);
- 13450 сертификати за потекло на производите (оригин);
- 204 АТА - карнети;
- 154 потврди за ексклузивитет;
- 5 потврди за единствен производител;
- 1120 препораки за визи;
- 22 потврди за членство во Комората;
- 180 заверки на фактури, до говори и други документи (со печат видено во Комора);
- 21 мислење за исполнување на економските услови;
- 6 мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки;
- 1 потврда за виша сила.

Секој работен ден просечно се издаваат околу 80 разни документи за потребите на фирмите.

## ГС1- Македонија

Трендот на зголемување на членството во GS1 Македонија, континуирано присутен сите овие изминати години, продолжи и во 2008 година со 122 новозачленети компании. На крајот на 2008 година вкупно 1.400 фирми од Македонија се членки на GS1 Македонија, кои со баркодирањето на своите производи и услуги се вклучени во современите светски текови на трговијата и се дел од меѓународното семејство од преку 1.000.000 компании, користејќи го заедничкиот јазик и глобалните стандарди за подобрување на својата конкурентност.

## Контакти со фирми

Посетени се голем број на фирми во текот на годината и од нив околу 230 се новозачленети фирми а на 300 е обновено членството во комората.

## Web порталот на Комората




- Повеќе од 200.000 посети од 28.000 различни корисници:
- Внесени повеќе од 80 тендери
- Ажурирани се повеќе од 4000 македонски компании во регистерот на компании
- Објавени се повеќе од 76 македонски понуди
- Внесени 3400 странски компании од 55 земји

- Внесени вкупно 332 понуди/побарувачки
- Електронски matchmaking на над 50 македонски со странски компании



## Бизнис настани

- Во минатата година во Комората се одржале вкупно 826 настани /редовни состаноци на здруженија и групации, презентации, бизнис форуми, семинари , обуки и слично/, на кои учествувале околу 30.000 претставници на фирми.

- Просечно во секој работен ден во комората на овие настани присуствувале по околу 133 претставници на фирми.

- Одржани се голем број меѓународни активности /бизнис форуми, контакти со меѓународни асоцијации во земјата и во странство, саемски манифестации, презентации на домашни и странски компании/

## Примена на меѓународни стандарди

Центарот за унапредување на квалитет во производството и услугите , според своите утврдените работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2008 год.:

- Процесот на имплементација на Систем за менаџмент со квалитет согласно ИСО 9001:2000 е отпочнат во 15 компании;
- Извршена е сертификација на Систем за менаџмент со квалитет согласно ИСО 9001:2000 во име на БСИ, во 4 компании;
- Извршена е континуирана проверка на Систем за менаџмент со квалитет согласно ИСО 9001:2000 во име на БСИ, во 50 компании;
- Процесот на имплементација на Системот за анализа на ризици и критични контролни точки (HACCP) е отпочнат во 18 компании;
- Процесот на имплементација на Системот за менаџмент со животна средина согласно ИСО 14001:20004 е отпочнат во 2 компании;

# ОД РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**04.04.2008 год.**
6-та седница на Собрание на Комората
*Улогата на Стопанската комора на Македонија во социјалниот дијалог*

**22.12.2008 год.**
7-ма седница на Собрание на Комората
*Програмски активности на Стопанската комора на Македонија за 2009 година*

**30.01.2008 год.**
17-та седница на Управниот одбор на Комората

**24.03.2008 год.**
11-та седница на Надзорниот одбор на Комората

**04.04.2008 год.**
18-та седница на Управниот одбор на Комората

**18.06.2008 год.**
19-та седница на Управниот одбор на Комората
*Осврт врз реализацијата на приватизацијата односно закупот на градежното земјиште во државна сопственост*
*Оценка за негативниот ефект од порастот на цената на нафтените деривати*
*Правилник за содржината, формата и процедурата за потпишување на договорот за практична обука на учениците*

**01.10.2008 год.**
20-та седница на Управниот одбор на Комората
*Предлог-мерки за унапредување на деловниот амбиент во Република Македонија*
*Задолжителен дијалог со приватниот сектор за креирање развојна економска политика*

**02.11.2008 год.**
21-ва седница на Управниот одбор на Комората
*Предлог за донесување на закон за придонеси од задолжително социјално осигурување со Предлог-закон*
*Глобалната финансиска криза и можните последици врз македонската економија*

**02.12.2008 год.**
22-ра седница на Управниот одбор на Комората
*Предлог-мерки за унапредување на деловниот амбиент во Република Македонија*

**28.11.2008 год.**
12-та седница на Надзорниот одбор на Комората

# ЗА ЧЛЕНКИТЕ

**03.01.2008**

**Саеми во Турција - САЕМ ЗА ЖЕЛЕЗО И МЕТАЛИ 2008 И САЕМ НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА СРЕДЕН ИСТОК**

Од 17 до 20 април 2008 година во Истанбул, Турција ќе се одржи Саем за железо и метали 2008. Манифестацијата ќе се одржи во Истанбул во експо-центарот (CNR EXPO), во хала 3.

На Саемот ќе земат учество производители, трговци на големо и мало од Турција и странски фирми од Европа, Среден Исток, Северна Африка и земјите од Медитеранот.

**09.01.2008**

**Вести од покровителите: ИК Банка АД Скопје - НОВИ ЕКСПОЗИТУРИ ВО СКОПЈЕ И ГОСТИВАР**

Извозна и кредитна банка АД Скопје отвори две нови експозитури во Скопје и Гостивар. Експозитурата во Скопје е лоцирана во Т.Ц. „Палома Бјанка“, а во Гостивар во централното градско подрачје.

Со отворањето на првата експозитура на ИК Банка во Гостивар на правните и физичките лица од регионот ќе им бидат на располагање сите производи и услуги на Банката - штедни влогови, платен промет во земјата и станство, електронско банкарство, кредитирање на правни и физички лица, тековни сметки, менувачко работење, Вестерн Унион - брз трансфер на пари, Виза платежни картички и друго.

ИК Банка е специјализирана во областа на кредитирање на микро, мали и средни претпријатија. Во целата држава Банката има 18 експозитури и филијали, како и 40 банкомати.

**11.01.2008**

**Вести од покровителите: „Витаминка“ - Прилеп - НОВ ПОГОН ЗА БИСКВИТИ**

Прилепска „Витаминка“ оваа производствена година ќе ја почне со нов погон за бисквите и 50-ина нови вработувања. Новиот погон со годишен капацитет од 2000 тони бисквити, пред се, за домашниот пазар, ќе биде претставен за еден месец.

Станува збор за најкрупна инвестиција на „Витаминка“ во планираниот педгодишен развој. Вложувањата се вредни пет милиони евра, пари обезбедени преку Европската банка за обнова и развој. Опремата од Холандија, Австрија и Италија е монтирана, а наскоро ќе биде и пробното производство.

„Витаминка“ во 2008 влезе со позитивни резултати во развојот и пласманот на производите на домашниот и на странскиот пазар. Продажбата на домашниот пазар е зголемена за 10, а на странските за пет проценти. Тоа се очекува да биде доволна акумулација фирмата со 400 вработени и со сите меѓународни сертификати за квалитет, подготвено да ги пречека неповолните светски трендови на зголемување на цените на репроматеријалите.

**10.01.2008**

**Македонската Енергетска Асоцијација го анализираше Предлог - енергетскиот биланс за 2008 година - „ВИСОК НАПОН„ ОКОЛУ ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈАТА**

Ставови и забелешки на предложениот Енергетски биланс за 2008 година. Реагираа големите потрошувачи, ("Силмак", "Фени", "Макстил"). Остануваат на својот став дека Владата не смее да дозволи од 1.1.2008 година, вкупните потреби од електрична енергија да ги набавуваат сами на слободниот пазар.

**29.01.2008**

**Амбасадори на Стопанската комора на Македонија: втор дел од концертната турнеја на маестро Симон Трпчески - ВО ФЕВРУАРИ СО НАСТАПИ ВО ШТИП, КУМАНОВО И ВО ТЕТОВО**

Во текот на месец февруари маестро Симон Трпчески, амбасадор на Стопанската комора на Македонија, ќе го одржи вториот дел од својата мини-концертна турнеја низ земјава. На 11 февруари, Трпчески ќе настапи во Штип, на 24 февруари во Куманово, а на 26 февруари во Тетово. Љубителите на класичната музика ќе имаат дополнителна ексклузивност - средба и со маестро Симон Трпчески и ЦД-изданијата за "EMI Classics" со автограми за посетителите на концертите. Приходот од билетите и овојпат ќе биде употребен за хуманитарни цели.

**30.01.2008**

**Македонската асоцијација на рударството - МАР - КОНЦЕСИОНЕРСТВО ПО УГЛЕД НА ШВЕДСКА**




Во организација на Македонската асоцијација на рударството - МАР на 30.1.2008 година, се одржа расправа за законската регулатива во областа на минералните суровини во Македонија и во Шведска, како и размена на искуства во добивањето дозволи за геолошки истражувања и експлоатација на минералните суровини.

**31.01.2008**

**Во Република Македонија промовирана Програмата Еурека на ЕУ - БУЏЕТСКА ПОДРШКА ЗА ПРИВАТНИОТ БИЗНИС**

** Програма е заснована на приватно-јавно партнерство: проектите ги финансираат компаниите со поддршка од средствата на националните буџет*

Проекти, иновации и истражувања, чии носители се компании од две или од повеќе држави, земји-членки на ЕУ, што како резултат имаат конкретен техничко-технолошкиот напредок со пазарна примена и вредност, во сопствените или во други земји, можат да бидат поддржани и од националните буџети во рамките на Програмата "Еурека" на ЕУ (www.eureka.be). Оваа Програма е заснована на приватно-јавно партнерство: проектите ги финансираат компаниите со поддршка од средствата на националните буџети.

Во "Еурека", во моментот членуваат 38 земји, а Република Македонија, има статус на непотполно правна членка, односно се во позиција на национална информативна точка.

Во месец јуни оваа година, се очекува Македонија да стане полноправна членка во "Еурека". Со полноправно членство се создава обврска за формоирање на фондот за кофинансирање, најмалку 3 отсто од БОП. Темите коишто се достапни за кофинансирање на проектите се: електронски "ITC"; индустриско производство, материјали и транспорт; други индустриски технологии; енергетски технологии; хемија, физика и базични науки; биолошки науки; земјоделството и морските ресурси; прехранбената технологија; метрологија и стандарди; технологии за заштитата на човечките ресурси.

**05.2.2008**

**Здружението на производителите на тутун и производи од тутун за годинашниов откуп - ПОВИСОКИ ЦЕНИ - ПОМАЛ ОТКУП**

Барање за зголемување на стимулациите како и нивно исплакање по квалитет, односно по класи.

**06.02.2008**

**Бизнис средба меѓу македонските и словенечките градежни компании во Стопанската комора на Македонија - ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ДОМАШНИТЕ ПАЗАРИ И ВО СТРАНСТВО**




Во организација на Здружението за градежништво при Стопанската комора на Македонија и Здружението за градежништво при Стопанската комора на Словенија, се одржа бизнис-средби меѓу македонски и словенечки градежни компании. Потенциран е интересот за заеднички настап во националните земји, но и во трети земји, како и меёусебно признавање на овластувањата и лиценците на фирмите.

**7.02.2008**

**Здружение на кожарско-преработувачката дејност - ПРЕДЛОЖЕНАТА НАЈНИСКА ПЛАТА ЌЕ ГИ 'РАСПАРА' ТРУДОИНТЕНЗИВНИТЕ ГРАНКИ**

Предлогот за донесување на закон за најниската плата во Република Македонија, да се повлече од процедура од причина што во актуелните услови на работење, со голема застапеност на лон-работа, кожарско-преработувачката дејност не е во можност да го спроведе.

**08.02.2008**




**Промоција на Електронскиот систем за Јавни набавки на Република Македонија - БИДЕТЕ ДЕЛ ОД Е-Општеството**

Владата на Република Македонија, Бирото за јавни набавки со поддршка на УСАИД Проектот за Е-Влада, како и со логистичка поддршка на Стопанската комора на Македонија, оргаизираа еднодневен бесплатен семинар за Електронските јавни набавки.Новиот Електронски систем за јавни набавки ovozmoжuva ~lenkite да се запознаат, во начинот на пријавување и потребниот дигитален сертификат, за да можат да учествуваат на Јавните набавки како понудувачи.

**11.02.2008**

**Пред бизнис заедницата претставена Нацрт - стратегијата за управување со отпад - ПРЕДЛОЖЕНО ФОРМИРАЊЕ ФОНД ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Пред стопанските субјекти презентирани клучните принципи на Европската унија, коишто мораат да се применуваат во процесот на управување со отпадот, како што се: одржливост на развојот, хиерархијата во управувањето со отпадот, самоодржливоста, принципот на претпазливост, одговорност на производителот и принципот "загадувачот плаќа" кои се транспонираат во нашата регулатива и во стратегијата.

**11.02.2008**

**Одржан семинар за 'Подготовка на проекти за добивање неповратни средства од ЕУ' - КОНКРЕТНА ОБУКА ЗА ПРИСТАП ДО ФОНДОВИТЕ**



Стопанската комора на Македонија, во соработка со Друштвото за македонско-словенечко пријателство од Љубљана "Сло-Мак" и "Интегрити", на 8 и на 9 февруари 2008 година, во просториите на Стопанската комора на Македонија, одржа дводневна обука на тема: "Подготовка на проекти за добивање неповратни средства од ЕУ".

Воведно излагање за Инструментот на претпристапна помош (ИПА), даде Орхидеја Коњошевска, раководителка на Секторот за координација на странска помош во Секретаријатот за европски прашања. Предавач на

семинарот беше м-р Бено Штерн, директор на "Про-еко" од Љубљана. Пред повеќе од 70 учесници тренерот го пренесе словенечкото искуството и истовремено преку повеќе примери презентираше изработка на проекти. Сите учесници добија соодветен материјал, а на крајот на настанот беа доделени сертификати за успешно завршена обука.

### 12.02.2008

**Групацијата на маѓународните шпедитери-МИФА при Стопанската комора на Македонија ја прослави 15-годишнината од основањето - ПРОМОТОР НА ОЛЕСНУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТРАНСПОРТ И ШПЕДИЦИЈА**




Групацијата на меѓународните шпедитери - МИФА, ја одбележа 15-годишнината од своето постоење (11.2.2008 година). Оваа, единствена од ваков вид, организациска форма на делување во Република Македонија, го носи епитетот на национална асоцијација на шпедитерската индустрија од земјата и со тој епитет е примена за рамноправна членка во најголемата светска невладина организација од областа на шпедицијата и логистиката, позната под името ФИАТА. За  успешната долгогодишна соработка на Царинската управа на РМ и’ беше доделена плакета, којашто ја прими директорот Ванчо Каргов.

### 18.02.2008

**Работна свеченост во Стопанската комора на Македонија - ОДБЕЛЕЖЕНА 86 ГОДИШНИНАТА НА КОМОРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ**

** Заедно со Дирекцијата за заштита на личните податоци, беше организирана обука на тема "Заштититата на личните податоци во Република Македонија"*




Во Стопанската комора на Македонија со пригодна работна свеченост беше одбележан 18 февруари 2008 година - ден кој ја означува 86 годишнината од коморското организирање. Првите зачетоци на коморското организирање на територијата на Македонија датираат од 1922 година, кога со Закон е основана Трговско-индустриска комора со седиште во Скопје, како професионална организација-претставничко тело за заштита на професионалните стопански интереси на своите членки.
Пред претставниците македонските компании за заштита на личните податоци во Република Македонија и за најновите измени во законската регулатива во оваа област, коишто се во собраниска процедура, зборуваше Маријана Марушиќ, директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

### 19.02.2008

**Договорена реализација на два заеднички проекти меѓу Владата на РМ и Стопанската комора на Македонија - ЦЕНТАР ЗА МЕНАЏЕРСКО ОБРАЗОВАНИЕ И КОНКРЕТНА ПОДДРШКА ЗА МАЛИТЕ БИЗНИСИ**



Стопанската комора на Македонија, со целиот свој капацитет, ја поддржа заедничката реализација на два проекта коишто произлегуваат од Програмата за периодот од 2006 до 2010 година на Владата на РМ. На средбата (19.2.2008 година), со вицепремиерот Зоран Ставревски беше договорено Владата, Стопанската комора на Македонија и другите бизнис-асоцијации да иницираат формирање Конзорциум на најуспешните домашни компании, коишто би формирале Центар за менаџерско образование. Вториот Проект, се однесува на здружување на истородни мали претпријатија во мини-асоцијации, преку коишто ќе се реализира заеднички транспорт на стока, настап на странски пазари, организација на саемски претставувања и слично.
Вицепремиерот Ставревски, на средбата подвлече, дека Центарот за менаџерско образование, би бил во функција на реализација на реструктуирањето на компаниите и зголемување на нивната конкурентност. Конзорциумот би го сочинувале компании со доминантен странски, но и со домашен капитал, коишто покрај своите одлични деловни резултати се издвојуваат и по спроведувањето на концептот на доброто корпоративно управување.
- Ова е голем исчекор во односите меѓу Владата и бизнис-заениците - оцени Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. - Посебно треба да им се помогне на малите компании да излезат на регионалниот пазар.

### 21.02.2008

**Групација за собирање, промет и користење на секундарни суровини за Нацрт - стратегијата за управување со отпад - СПРОВЕДУВАЊЕ СО СРЕДСТВА И ОД ПРЕДПРИСТАПНИТЕ ФОНДОВИ**

Групацијата упати писмено барање до Министерството за животна сердина и просторно планирање, за формирање Фонд за животна средина, со цел поддршка на активностите на директните учесници во процесот на справување со отпадот. Ова пред сî поради фактот дека за успешна импелемнтација на националната стратегија за управување со отпад потребно е, меѓу другото, да се обезбедат средства, вклучително и од предпристапните фондови на ЕУ.

**22.02.2008**

**Доделен Македонскиот оскар за општест вено одговорни претпријатија - ПРОФИТОТ ВО БАЛАНС СО ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА**

**Добитник на првата награда на ова значајно признание од големите претпријатија е "Тинекс" од Скопје, додека на второто и на третото место се пласираа "Адинг" и "Макстил", и двете компании од Скопје.*

**Во рангот на малите и средни претпријатија, поради силната конкуренција, беа доделени четири први награди чии добитници се: "Биркарт логистик" од Штип, "Ренова" од Џепчиште крај Тетово, "Раде Кончар сервис" и "Фармахем" од Скопје*

Непосредно пред доделувањето на американскиот оскар, во Бизнис-центарот на Скопскиот саем, беше доделен Македонскиот оскар за општестевено одговорно претпријатие. Во рангот на малите и средни претпријатија, поради силната конкуренција, беа доделени четири први награди чии добитници се: "Биркарт логистик" од Штип, "Ренова" од Џепчиште кај Тетово, "Раде Кончар сервис" и "Фармахем" од Скопје.

- Владата на Република Македонија, во својата Програма за инвестиции ја има вметнато корпоративната општествена одговорност како сегмент којшто треба да ги надмине бариерите за странските вложувања во земјава - нагласи Кирил Спанџов, заменик министер за економија. - Намерата е во иднина корпоративната општествена одгиоворност да биде внесена и во Законот за трговски друштва како обврска за компаниите со завршната сметка да поднесуваат извештаи за нивниот напредок во областа на корпоративната општествена одговорност.

**26.02.2008**

**Јавно-приватно партнерство во Република Македонија - ШИРОК СПЕКТАР МОЖНОСТИ ЗА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

** Приватниот и јавниот сектор, од Стопанската комора на Македонија, побараа активно да ја следи имплементацијата на овој нов Закон*




Во Стопанската комора на Македонија (25.2.2008 година), се одржа конференција на тема: "Јавно-приватно партнерство во Република Македонија". Пред присутните градоначалници, директори на јавни претпријатија и пред приватниот сектор, најпрво се обрати Киро Спанџев, заменик министер за економија. Во сегментот на законската регулатива презентации направија Снежана Петковска од Министерството за економија и Мирослав Трајановски, консултант и учесник во подготовка на Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство.
За важноста на овој Закон од аспект на програмите ИПА, ЦИП, ФП7 на Европската унија, свое излагање имаше Јадранка Аризанковска, виш советник за проекти на ЕУ, во Стопанска комора на Македонија. Билјана Милошевска, банкар во резидентна канцеларија на ЕБРД во Скопје, ги образложи искуствата на Европска банка за обнова и развој за јавно-приватни партнерства во секторите за транспорт и енергетика. Посебен аспект беше посветен на важноста од вклучување на ЕБРД во процесот на изнаоѓање на приватен партнер и на селекцијата на истиот. Во втората панел сесија, настапија градоначалниците на општините Струмица и Илинден.

**29.02.2008**

**Регионална комора со седиште во Скопје - ГОРАН РАФАЈЛОВСКИ НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ ОДБОР**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје, на седницата одржана на 28.2.2008 година расправаше за избор на претседател на Управниот одбор.
Присутните членови едногласно за претседател го избраа господин Горан Рафајловски од фирмата "Рафајловски konsulting". Горан Рафајловски е долгогодишен истакнат бизнисмен во сферата на консалтингот за разни прашања од стопанството, даночниот систем, сметководството, проценките и ревизиите и сл.

**03.03.2008**

**Понуда за соработка со Економскиот факултет преку прифаќање група-студенти - БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ МАРКЕТИНГ-КОМУНИКАЦИСКИ ПЛАН ЗА ВАШАТА КОМПАНИЈА**

Како резултат на минатогодишното позитивно искуство во обединување на теоријата и практиката т.е. академското образование на студентите и пазарното работење на македонските компании, Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Скопје, во соработка со Стопанската комора на Македонија, ќе го реализираат Проектот за изготвување на Internet Marketing Communications Plan.
Студентите од овој факултет, како дел од зацртаната програма на активности за 2008 година, за сите заинтересирани трговски друштва, врз основа на истражување што самите ќе го направат, ќе изготват Интернет-маркетинг-комуникациски план за конкретен пазар, производ, услуга или компанијата во целина. Активностите на студентите што ќе бидат ангажирани за определена компанија нема да се одвиваат во простоиите на компанијата. Планот ќе се изработува на англиски јазик, исто како и одбраната на изработениот план, со тоа што комуникацијата со трговското друштво е на македонски јазик.
Овој Проект е од взаемен интерес на компаниите и на студентите. Трговските друштва добиваат план без финансиски надоместок, а студентите добиваат искуство во изготвување на план.

**06.03.2008**

**Вести од покровителите: ИК Банка исклучително успешна во 2007 - АКТИВАТА ПОВИСОКА ЗА ТРЕТИНА**

Изминатата година е забележана како исклучително успешна во работењето на ИК банка од Скопје. Ова е констатацијата на Управниот одбор по разгледување на финансиските резултати. Банката информира дека лани потпишала нови деловни аранжмани со странски партнери.
Активата на ИК банка е зголемена за 32 отсто и на крајот на минатата година изнесувала над 112 милиони евра (6,9 милијарди денари). Лани банката одобрила кредити од 62 милиони евра на правни лица и население, од кои 48 милиони евра на микро, мали и средни трговски друштва, а 14 милиони евра на население. Активното кредитно портфолио го надмина износот од 73 милиони евра, што е зголемување од 46 отсто. За истиот период депозитите на правни и физички лица пораснале за 47 проценти. Бројот на издадени платежни картички од брендот VISA лани е зголемен за 237,5 отсто.
И оваа година ИК банка очекува успешни резултати, преку воведување нови иновативни производи и соодветно приспособување на каматните стапки.

**11.3.2008**

**Групација за преработка на дрво - НЕДОСТАСУВА ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО ЈП 'МАКЕДОНСКИ ШУМИ'**

Стандардизирање на шумите во РМ и воведување на ФСЦ стандардот, се наметнува како услов во работењето на домашните пилани со странските фирми Пиланите, побараа стратегија за работа од ЈП "Македонски шуми" во која и тие самите, преку работна група, би учествувале, а се со цел да се стави ред во заемната соработка. Стандардизирање на шумите во РМ и воведување на ФСЦ стандардот, се наметнува како услов во работењето на домашните пилани со странските фирми.

**11.03.2008**

**Групација за откуп, пласман и користење на секундарни суровини - ЗАБРАНА НА ПРОМЕТ СО МЕТАЛИ САМО КАКО КРАЈНО РЕШЕНИЕ**

Доследно имплементирање на законската регулатива како најефикасен начин за отстранување на девијантните појави. На крајот на состанокот, заедники беше оценето дека првиот ефект од одржаната работна средба е постигнат. Надлежните министерства пред да ја достават информацијата по оваа проблематика до Владата ќе одржат уште една работна средба со претставниците на бизнис-заедницата, со надеж дека преку договорениот партнерски однос ќе се најде трајно решение со кое преку елиминирање на нелојалната конкуренција ќе се отвори патот на овој бизнис

**11.03.2008**

**На 8. Март, во Стопанската комора на Македонија, се одржа Конференција по повод - 100 години - 8 Март Меѓународниот ден за правата на жените - ЖЕНИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**



*Конференцијата го промовираше мотото: "Право на работа - право на заштита при работа"*
Во организација на Националниот совет на жените на Македонија - СОЖМ, Стопанската комора на Македонија и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) се одбележа 100 годишнината од крваво задушениот протест на жените, кои се спротивставиле на експлоатацијата и грубото кршење на човековите и работнички права. На одржаната конференција се даде значајно место на овој ден во секојдневниот живот на жената и нејзината улога во семејството и заедницата. На конференцијата присуствуваа над 200 жени од целата република. Конференцијата ја отвори г-ѓа Савка Тодоровска, претседателка на НСЖМ - СОЖМ, којашто воедно доби и специјално признание од Управниот одбор на НСЖМ - СОЖМ за посебниот придонес во развојот на женското движење.
Пред присутните жени се обрати Љупчо Мешков, министер за труд и социјална политика. Генералниот секретар на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева, со своето излагање на тема: "Жените на пазарот на трудот во РМ" предизвика голем интерес пред присутните, истакнувајќи го значењето на образовното ниво и поседувањето вештини за поголема конкурентност на пазарот на трудот.
Претседателот на ЗЕЛС, Андреј Петров, зборуваше за "Локалната самоуправа и потребата од работни места за жените".

**14.03.2008**




**Амбасадори на Комората: Трет дел од хуманитарната турнеја на маестро Симон Трпчески - АПРИЛСКИ КОНЦЕРТИ ВО ГОСТИВАР, БИТОЛА И ВО СТРУГА**

Продолжува концертната магија на маестро Симон Трпчески низ Македонија. Третиот дел од хуманитарната концертна турнеја ќе се одржи на 8 април во Гостивар, на 11 април во Битола и на 12 април во Струга. На овие концерти маестро Симон Трпчевски ќе свири дела од: Grieg, Debussy, Rachamaninov, Prokofiev, Manuel de Falla, Giuseppe

Verdi, Camille Saint Saens i Edvar Elgar. - Настапував во градови каде што нема чести културни случувања. На пример, во Гостивар и во Струга за прв пат ќе свирам пред љубителите на класичната музика - нагласи Симон Трпчески на конфернецијата за печат што се одржа во Стопанската комора на Македонија.

**17.03.2008**

**Во Стопанската комора на Македонија отворен Саемот за вработување и кариера (Job Fair 2008) JOB FAIR 2008 СО 24 КОМПАНИИ**




** На македонските трговски друштва им се нуди можност да најдат студенти и дипломирани млади луѓе, желни за работа и полни со нови идеи, а на студентите им се дава можност за директен контакт со 24 компании*

Во Стопанската комора на Македонија беше отворен четвртиот по ред Саем за вработување - Job Fair 2008. Саемот се одржува од 18 до 21 март 2008 година, а е организиран од Бордот на европските студенти по технологија - "БЕСТ" од Скопје.

- Преку Job Fair, се обидуваме да ги доближиме компаниите до студентите. На македонските трговски друштва им се нуди можност да најдат соодветен кадар - студенти и дипломирани млади луѓе, желни за работа и полни со нови идеи, а на студентите им се дава можност за директен контакт со преку дваесет компании - нагласи Блаже Илиев од "БЕСТ". - Целта на овој Саем е да ги поттикне студентите активно да бараат работа, место пасивно да чекаат вработување.

**21.03.2008**

**Во Регионалните комори Прилеп, Битола, Охрид, Кичево и Кочани - ЗАПОЧНА ИЗДАВАЊЕ И ЗАВЕРУВАЊЕ ДОКУМЕНТИ**

Од 18 март 2008 година во Регионалните комори Прилеп, Битола, Охрид, Кичево и Кочани, почнаа да се издаваат и заверуваат документи за кои, согласно чл. 30 и 35 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон(Сл.весник на РМ бр.66/2005) надлежен орган за издавање уверенија за македонско потекло е Стопанската комора на Македонија.

Во горенаведените регионални комори ќе се издаваат и заверуваат следните документи:

* FORM A - Сертификат за преферцијален третман на стоката;

* SERTIFIKATE OF ORIGIN - Сертификат за потекло на стоката;

* Потврда за единствен производител;

* Мислење за исполнување на економските услови.

**18.03.2008**

**Групацијата за откуп, преработка и користење на секундарни суровини ќе достави предлог-мерки до надлежните министерства, за намалување на девијантните појави во управување со секундарен отпад - ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА ПРОПИСИТЕ И ЗАСИЛЕНИ КОНТРОЛИ**



Побарана и ревизија на досега издадените дозволи за складирање, транспорт и трговија со неопасен отпад, како и затворање на сите диви отпади, коишто создаваат голема нелојална конкуренција на стопанските субјекти што работат легално, вработуваат голем број работници и редовно ги подмируваат своите обврски кон државата

**25.03.2008**

**Регионалната комора со седиште во Прилеп потпиша Спогодба за соработка со Трговско-индустриската комора од Корча, Албанија - ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕДПРИСТАПНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ**

Регионалната комора со седиште во Прилеп и Трговско-индустриската комора од Корча (21.3.2008 година), во Корча, Република Албанија, потпишаа Спогодба за меѓусебна соработка.

Со Спогодбата се предвидува воспоставување соработка меѓу стопанските субјекти од двата региона, како и континуирана размена на деловни и маркетиншки информации. Исто така, предвидено е да се врши размена на податоци за актуелната понуда и побарувачка на стопанските субјекти од двата региона, организирање бизнис-средби, стопански изложби, промоции и други активности за воспоставување повисоки облици на соработка.

**28.03.2008**

**Групација за рибарство - СУБВЕНЦИИ И НАМАЛУВАЊЕ НА ДДВ**

На Групацијата за рибарство, беа разгледувани состојбите во ова гранка, како и проблемите со коишто подолго време се соочуват производителите на риба во Република Македонија. Се предложи средба со претставниците од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и обезбедување на средства за поттикнување на рибарството и тоа во правец на поттикнување на производството, како и за подмладокот.

**31.03.2008**

**Отворен - Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ) - КОНТАКТИ СО ПРЕКУ 23 МИЛИОНИ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

** Главна цел на Европскиот информативен и иновативен центар е преку контакти, во рамките на мрежата Enterprise Europe Network, да ја зајакне бизнис-соработката, да ги подигне технолошкото ниво и степенот на иновации и да ја подобри научно-истражувачката и развојната компонента на сите свои корисници*

На 28 март 2008 година, во присуство на заменик-претседателот на Владата на Република Македонија, м-р Зоран Ставрески и амбасадорот Н.Е. Ерван Фуере, почна со работа Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија - ЕИИЦМ.



Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија е дел од мрежата Enterprise Europe Network. Во оваа мрежа членуваат 600 партнерски организации (стопански комори, универзитети, научни центри и други научни организации и здруженија на претпријатија), од 40 земји во коишто има преку 23 милиони мали и средни претпријатија.

Главна цел на Европскиот информативен и иновативен центар е преку контакти, во рамките на мрежата Enterprise Europe Network, да ја зајакне бизнис-соработката, да ги подигне технолошкото ниво и степенот на иновации и да ја подобри научно-истражувачката и развојната компонента на сите свои корисници.

Корисници на оваа мрежа се мали и средни претпријатија, универзитети, научно-истражувачки организации и други бизнис-субјекти од Република Македонија, коишто во рамките на мрежата Enterprise Europe Network, ќе стекнат контакти за вршење бизнис, размена на иновативни технологии, договори за лиценца, заедничко учество во научно-истражувачки и развојни проекти, како и за други облици на меѓусебна соработка во рамките на единствениот европски пазар.

**04.04.2008**

**Меѓународен арбитражен суд во Париз - ДЕСЕТГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ**

По повод десетгодишнината од донесувањето на Правилата за арбитража на Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз, на 23 април 2008 година, во Париз ќе се одржи свечено одбележување на овој настан.

На десетгодишниот јубилеј ќе биде презентиран начинот на работа на Меѓународната трговска арбитража со седиште во Париз, со посебен осврт на примената на Правилата на Меѓународниот арбитражен суд и развојот на судската практика на оваа арбитража во временскиот период од 1998 до 2008 година. На настанот свое излагање ќе имаат дел од именуваните арбитри кои учествувале во решавањето на спорови во овој период, кои ќе се фокусираат на различни аспекти во врска со Правилата на арбитражата. Со тоа ќе им се даде можност на учесниците на настанот, за размена на мислења и предлагање забелешки и сугестии во врска со примената на Правилата и потребата од нивно менување во иднина, согласно потребите на современото работење и практика.

**08.04.2008**

**Бизнис делегација Република Хрватска во Регионалната комора со седиште во Битола - ВАРАЖДИНСКИ ИСКУСТВА ЗА „ЖАБЕНИ„**

** На средбата беа презентирани економските потенцијали на двата региона и можностите за воспоставување соработка меѓу стопанствениците од Битола и од Вараждин*

Претставници на жупаниската власт и на Жупаниската комора од Вараждин, Република Хрватска, на 4.4.2008 година, беа во посета на Битола.

Делегацијата од Вараждин беше примена од Благој Стојчев, претседател на Регионалната комора со седиште во Битола. На средбата беа присутни 15 фирми од регионите на Битола, Ресен и Демир Хисар. Оваа средба практично претставуваше прво запознавање меѓу стопанствениците од двата региона Битола и Вараждин.

На средбата беа презентирани економските потенцијали на двата региона и можностите за воспоставување соработка меѓу стопанствениците од Битола и од Вараждин. Гостите од Жупаниската комора од Вараждин изразија подготвеност за соработка со пренесување на искуствата во активирање на индустриската зона "Жабени" во близина на Битола. Имено, искуство стекнато при водењето на индустриската зона во Вараждин, којашто функционира 10 години, ќе биде скапоцено за креаторите на нашата индустриска зона. За таа цел договорени се средби во Вараждин.

**10.04.2008**

**Саем за индустријата за Среден Исток..од 20 до 23 март 2008 година во Газиантеп, Турција ќе се одржи**

На Саемот ќе бидат претставени производи од машиноградбата, метална процесна опрема, алати, автоматски контролни системи, специјални индустриски машини, софтвери и хардвери за машиноградбата, производи од електроиндустријата и друга индустрија

**10.04.2008**

**Стопанската комора на Македонија со поддршка на пилот-проектот за медијација меѓу ИФЦ и Основниот суд Скопје 2 - ПОКУС, ПОЕФТИН И ПОБРЗ ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА И ДО ФИНАНСИИТЕ**

Медијацијата е вонсудска постапка за алтернативно решавање спорови врз основа на слободно изразена волја на страните, со помош на трето неутрално лице (медијатор), кое им помага да изнајдат заедничко прифатливо решение.

По потпишувањето на Меморандумот за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ), насочен кон промовирање на медијацијата во Македонија, ИФЦ и Основниот суд Скопје 2 - Скопје, почнаа со реализација на Пилот-проектот за примена на медијацијата во решавање на стопанските спорови. Целта е да се зголеми информираноста и свеста на странките за можноста за решавање на нивните спорови по пат на медијација, но и практично да им се овозможи користење на медијаторските услуги без оглед на тоа дали судската постапка е во тек или спорот сѐ уште не почнал.

**11.04.2008**

**Работилница „Стратегија за е-бизнис во Македонија“ - ВО ФУНКЦИЈА НА ПРОДУКТИВНО КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

** Цел на проектот ELISA е подобрување на пристапот на мали и средни претпријатија во Југоисточна Европа, особено во Албанија, Бугарија, Македонија и Србија, до знаењата за Информатичко општество, информации, е-бизнис практика и глобализирана дигитална економија, низ блиска соработка на академски и бизнис заедници*




Во рамките на проектот ELISA (E-Learning for improving access to Information Society for SMEs in the SEE Area) на 11.4.2008 година се одржи работилница на тема "Стратегија за е-бизнис во Република Македонија". Бројните посетители на работилницата беа запознаени со релевантни политики и мерки за унапредување на е-бизнис во Р Македонија, а беше извршена и промоција на користење на е-бизнис технологии, практики и модели во македонски претпријатија.
Цел на проектот ELISA е подобрување на пристапот на мали и средни претпријатија во Југоисточна Европа, имено во Албанија, Бугарија, Македонија и Србија, до знаењата за Информатичко општество, информации, е-бизнис практика и глобализирана дигитална економија, низ блиска соработка на академски и бизнис заедници. Задача на проектот ELISA е развој на конкурентноста и е-бизнис практиката на МПС, која силно зависи од продуктивно користење на Информатички и комуникациски технологии (ИКТ). Пенетрација на ИКТ во регионот денес, како што беше нагласено, е ограничена во споредба со Европскиот просек.

**15.04.2008**

**Амбасадори на Комората: Донација на пијано за маестро Симон Трпчески - „СТЕНВЕЈ“ ЗА НАЈГОЛЕМИОТ КУЛТУРЕН АМБАСАДОР НА ЗЕМЈАВА**



Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, на прославата на 85-годишнината на коморското организирање во земјава вети обезбедување врвно пијано за амбасадорите на најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава, а иницијативата деновиве е реализирана.
Во пресрет на големиот христијански празник Велигден, со огромна поддршка на Карл Виби, амбасадор на Кралството Норвешка во Република Македонија и неговата сопруга Норун Ворланд Виби, на македонскиот пијанист и најголем културен амбасадор маестро Симон Трпчески му беше подарено (15.4.2008 година) концертно пијано модел "стенвеј-Д", произведено во Хамбург, коешто чини околу 120.000 евра. Освен пијаното, донацијата вклучува две концертни столчиња и транспортен комплет.
Концертното пијано го овозможија Минчо Јорданов, претседател на Бордот на директори на АД "Макстил", Живко Мукаетов, директор на "Алкалоид" АД, Скопје и Ларс Клинг, основач на "Аполониа Гроуп" и Фондацијата "Аполониа" и Миќо Насковски, претседател на одборот на директори на "Бетон" АД, Скопје. Донацијата е во организација на "KulturOp“.

**16.4.2008**

**Откупувачите и производителите на тутун против најавената либерализација на извозот - ВО КОРИСТ НА СОПСТВЕНАТА ШТЕТА**

Домашниот тутун треба да остане во државата и како краен продукт, со негова преработка, да се извезе, со што фин ансискиот ефект би бил повисок Институтот за тутун и катедрата за тутун при Факултетот за земјоделски науки и храна не го поддржуваат предлогот за либерализација, затоа што сметаат дека таа ќе биде на штета на производителите, на откупувачите, како и на државата воопшто

**23.04.2008**

**Генерално собрание на GS1 Македонија - ПРОМОЦИЈА НА УСПЕШНОСТА И НА ДЕЛОВНАТА ЕТИКА НА ФИРМИТЕ**

** Во текот на 2007 година, GS1 Македонија постигна исклучителни резултати, ги надмина планираните развојни цели и финансиски резултати, воведе нови услуги за своите членки и уште повеќе се приближи до бизнис-заедницата*



Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - GS1 Македонија, на 17.4.2008 година, одржа 4. седница на Управниот одбор и 3. седница на Генералното собрание на коишто беа сумирани резултатите постигнати во 2007 година и презентирани програмските активности во 2008 година.
Доминантните активности на GS1 Македонија во изминатата година беа насочени кон: Тековна работа со членките; Развојни активности; Конкретни програми; Меѓународна соработка; Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија.
Претседателот на GS1 Македонија, Бранко Азески, во своето излагање изрази задоволство од темпото на развој на GS1 Македонија, зголемениот асортиман и квалитетот на услугите коишто се нудат на македонската бизнис-заедница.



Зголемувањето на членството во GS1 Македонија е континуирано, достигнувајќи ја бројката од близу 1.300 фирми, коишто со баркодирањето на своите производи и услуги се вклучени во современите светски текови на национално и на меѓународно ниво. Но, уште повеќе радува фактот што GS1 Македонија станува чинител за зголемување на конкурентноста на македонската бизнис-заедница, а наедно се зголемува свеста за неопходноста од примената на GS1 стандардите во деловното работење - подвлече Бранко Азески.
Членките на GS1 Македонија применувајќи ги GS1 стандардите во своето работење, се стекнувааат со голем број бенефиции подобрувајќи го своето работење, зголемувајќи ја својата профитабилност, конкурентност и препознатливост на домашниот, европскиот и на светскиот пазар.
- Со реализација на активностите, значително е зголемена афирмацијата и видливоста на GS1 Македонија, не само во национални туку и во меѓународни рамки, подигнат е квалитетот и зголемен е асортиманот на услугите, работењето е прилагодено кон потребите на членките, зголемен е бројот на тие што редовно ги намируваат обврските по основа на членарина, а почна и намирувањето на заостанатите обврски - додаде Азески.
Како дел од програмските активности, претседателот на GS1 Македонија, Бранко Азески го промовираше системот на акредитација, којшто е во светски рамки уникатна, оригинална, сопствена креација на GS1 Македонија. - Системот на сертифицирана акредитација претставува нов модел за утврдување и за промоција на успешноста и на деловната етика на фирмите-членки на GS1 Македонија и промоција на успешните фирми заслужни за развојот и за имплементацијата на GS1 системот во Република Македонија - нагласи Азески.

**25.04.2008**

**Преставници на CHRYSLER во Стопанската комора на Македонија - МАКЕДОНСКИ ДЕЛОВИ ВО ВОЗИЛАТА НА CHRYSLER**

Преставниците на овaa мултинационална компанија изразија подготвеност заинтересираните македонски компании да можат во секое време да се обратат и да ги презентираат своите можности за соработка и за развој на автомобилската индустрија, посебно во делот на вклучувањето на домашните компании од автомобилската индустрија, како можни добавувачи на оваа светски позната американска компанија.

**29.04.2008**

## ПРЕМИЕРОТ СО ЕКОНОМСКИОТ ТИМ НА ВЛАДАТА ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

*Претседателот на Владата на Република Македонија, м-р Никола Груевски, со својот економски тим, по своја иницијатива на 24.4.2008 година, одржа средба во Стопанската комора на Македонија.*
На средбата беа водени разговори со претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески и со членовите на Управниот одбор и шестмината новоизбрани потпретседатели на Комората. По средбата, премиерот и претседателот на Комората дадоа изјави за медиумите.

**М-р Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија - ПОГОЛЕМИОТ ДЕЛ ОД ИДЕИТЕ И ОД ПРЕДЛОЗИТЕ НА КОМОРАТА СЕ ПРИФАТЛИВИ**

ВМРО-ДПМНЕ во пресрет на изборите на 1 јуни годинава, ја заврши подготовката на својата програма, вклучувајќи го и економскиот дел. За таа цел, во изминатите денови почнавме интензивни консултации, разговори, собирање идеи од стопанските комори, од синдикатите, од здруженијата на земјоделците и од други здуженија. Сите корисни идеи за




државата, за економијата, коишто ќе носат квалитет и подобрување на сегашната економската состојба ВМРО-ДПМНЕ ќе ги внесе во својата економска програма. Доколку ВМРО-ДПМНЕ победи на изборите, тоа ќе стане програма на Владата за наредниот четригодишен мандат.
Овојпат, на наше задоволство, имавме многу корисна средба во Стопанската комора на Македонија. Водевме разговори за различни области и сектори од економијата, и слушнавме работи коишто вредат да се стават во програмата и на коишто вреди да се работи во наредните години, и тоа навистина ќе го направиме. Имаме многу сериозен пристап, каков што имавме кога ја подготвувавме и претходната програма во 2006 година. Веројатно, затоа таа беше успешно конципирана, како што тоа овде и го оцени стопанствениците. Таквиот пристап ќе продолжи да биде наш начин на работење, бидејќи сметаме дека таа и кога ќе стане владина програма, нема да биде затворена, туку секогаш ќе има можност да се надополнува. Ние и натаму ќе останеме отворени кон приватниот сектор, кон бизнисот, во функција на подобрување на бизнис-климата, како и подобрување на условите за работа, вклучувајќи го и амбиентот за решавање на проблемите. Токму решавањето на проблемите е една од клучните улоги на Владата.
Од преставниците на Стопанската комора на Македонија, имаше повеќе идеи, особено поврзани со инфраструктурата, со фискалната политика... Во текот на првата половина на месец мај, ВМРО-ДПМНЕ ќе ја објави својата програма и во неа најголем дел од забелешките и од предлозите, од идеите и од сугестиите што овде ги слушнавме, би рекол половина, или дури и 70 отсто, ќе бидат прифатени од наша страна и внесени во неа.

**Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија - НИТУ ЕДЕН ЕКОНОМСКИ ЗАКОН БЕЗ КОНСУЛТАЦИИ СО БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА**



Ги сослушавме видувањата на премиерот и на неговиот економски тим и економската програма за наредниот период. Притоа, две работи коишто ги извлекуваме од овој разговор се клучни. Прво, тоа е неговото ветување дека економијата ќе биде на прво место во агендата на новата Влада, доколку ВМРО-ДПМНЕ победи на овие избори. Втората, исклучително значајна работа за нас, е уверувањето за законско регулирање на консултирањето на бизнис-заедницата при донесувањето на економските закони и акти. Тоа досега беше оставено на добра волја на владите, а сега за прв пат добивме цврсто уверување дека со законско решение ќе се гарантира задолжително консултирање на бизнис-заедницата при донесување на економските прописи.
Стопанската комора на Македонија е независна во однос на политичките партии и нивните програми. Нас не интересира само економската програма на Владата којашто ќе биде избрана легално и во редовната законска процедура. Средбава не беше во функција на давање поддршка на политичка партија, туку нотирање на проблемите што мора да бидат разрешени за Македонија да може да тргне уште порешително кон евроатлантските интеграции.
И овој пат ги повторивме работите коишто се наш приоритет, како што е сопственоста на земјиштето, процедурите коишто се врзани околу катастарот и прашањата на инфраструктурата. Особено, го потенциравме проблемот на енергетиката, затоа што сметаме дека тој се заканува по иднината, стабилноста и развојот на нашата земја. Инаку, како партнери на власта сакаме да ги слушнеме мислењата на сите што можат да партиципираат во неа и утре да станат носители на економската програма, па веројатно ќе се остварат и други средби со другите политички субјекти.

**29.04.2008**

**Развивање стратегија за индустриската политика во Република Македонија - НАЦИОНАЛЕН КОНСЕНЗУС ЗА ЗГОЛЕМЕНА КОНКУРЕНТНОСТ**

** Македонската индустриската политика треба да се развива врз основа на јавно-приватниот дијалог и во одредени моменти на индустриската политика и е потребен консензус на национално ниво*



Во рамките на кредитната програма на Светска банка, Реформи во деловниот амбиент и институционално зајакнување - БЕРИС (Business Environment Reform and Institutional Strengthening Project), во Република Македонија почна изработка на документот Стратегија за индустриската политика. Меѓуминистерската група, на којашто учествуваше и претставник на Стопанската комора на Македонија, на третиот состанок одржан на 23 април 2008, во Министерството за економија, ја потврди структурата на документот.
Стратегија за индустриска политика ќе биде документ за периодот од 2009 до 2020 година. Тој ќе ги постави основите за развивање на индустриска политика, индикаторите за конкурентност на

македонската индустрија, стратешките цели - препознатливоста на македонската индустрија, како и стратегијата, мерките и имплементацијата на индустриската политика.

**06.05.2008**

**Интегрирани еколошки дозволи - регулатива и степен на реализација - БЛИЗУ Е 2014 ГОДИНА**

За забрзување и за успешно заокружување на процесот на спречување на индустриското загадување, Комората во соработка со надлежното министерство ќе организира регионални семинари и обуки на оваа тема.

**06.05.2008**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - ЗАЖИВУВА БИЗНИСОТ СО ДИЈАСПОРАТА ВО АВСТРАЛИЈА**

Македонски-бизнисмени од Австралија се заинтересирани за да инвестираат во Македонија. Фабрика за производство на флексибилни црева за индустријата, зголемување на пласманот на прехранбени производи и можност за испорака на обувки на австралискиот пазар, се конкретните најави за стопански релации со далечниот континент. Тоа значи дека по посетата на прилепската стопанска делегација на Австралија во почетокот на годинава, веќе има конкретни резултати.

**07.05.2008**

**Работна средба во Регионалната комора во Охрид во рамките на Проектот за деловно опкружување на УСАИД - СТЕЧАЈОТ И СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА ВО ПРАКСА**

Стопанската Комора на Македонија, Сојузот на Стопански Комори и Стопанската комора на северозападна Македонија, во соработка со Министерството за економија на Република Македонија, Проектот на УСАИД за деловно опкружување и Комората на овластени стечајни управници, организираа еднодневна работна средба за компаниите во Република Македонија , што се одржа во Охрид.

**07.05.2008**

**Во организација на Стопанската комора на Македонија и ТТК Банка од Скопје се одржа тркалезна маса на тема „Кредитни линии скроени по мерка - Што им е потребно на малите и средни претпријатија?„ - МАКСИМИМИЗИРАЊЕ НА ШАНСИТЕ ЗА УСПЕШНИ БИЗНИСИ**




*Стопанската комора на Македонија во соработка со "ТТК банка" АД, Скопје одржа тркалезна маса на тема "Кредитни линии скроени по мерка -  Што им е потребно на малите и средни претпријатија?"*

Придобивките од оваа средба се продлабочените комуникација и соработка меѓу финансиските институции, банките и Комората од една страна и малите и средни претпријатија од друга страна, и охрабрувањето на претприемачите да дискутираат за своите цели, потреби, препреки и перспективи за планираните бизниси и за максимизирање на шансите за успешни бизниси.
На присутните претставници од бизнисот им беше презентирана Кредитната линија од Европската банка за обнова и развој, наменета за финансирање на развојот на малите и средни претпријатија во Република Македонија. Реализацијата на овој проект е овозможена со помош на грантот од Министерството за економија и финансии на Република Италија. Адриано Семен, меѓународен банкарски експерт од Еурекна, Република Италија, на присутните гости, им ги претстави критериумите и процесот на пристап до оваа кредитна линија.

**08.05.2008**

**"ЕХРО Штип 2008" - ДЕНОВИ НА БИЗНИСОТ ВО "НАМА"**

** На оваа четврта по ред саемска манифестација, чии традиционален соорганизатор е Стопанската комора на Македонија, учествуваат преку триесетина, претежно мали и средни трговски друштва од Штип, Свети Николе, Пробиштип, Велес, Делчево и други градови од земјава*

Интернационалниот саем за стопанството "ЕХРО штип 2008" е отворен во градската стоковна куќа "Нама". На оваа четврта по ред саемска манифестација, чии традиционален соорганизатор е Стопанската комора на Македонија, учествуваат преку триесетина, претежно мали и средни трговски друштва од Штип, Свети Николе, Пробиштип, Велес, Делчево и други градови од земјава. На саемот се присатни и компании од Бугарија и Србија, заедно со стопанските асоцијации од овие земји. Во периодот од 8 до 10 мај 2008 година стоковната куќа во центарот на штип е место со изгледна Шанса за деловните луѓе за пронаоѓање на бизнис партнер.

**15.05.2008**

**Расправа по Нацрт-законот за возила - ВОЗЕЊЕ КОН ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО .**



Да се изградат капацитети низ еден процес, во којшто од особено голема помош е вклучувањето на бизинис-заедницата.
Подржувајќи го донесувањето на Законот за возила, се заклучи да бизнис заедницата се вклучи и во изработката на подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон

**15.05.2008**

**Тренинзи - ОБУКА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ И ПРОВЕРКА НА ISO 14001:2004**

Во Стопанската комора на Македонија, на 13 и 14 мај 2008 година, се одража семинар за воведување и проверка на ISO 14001:2004. Семинарот се одржа во организација на Стопанската комора на Македонија со поддршка на Асоцијацијата на балканските комори и Унијата на трговско-индустриските комори на Германија (ABK-DIHK). Предавач на семинарот беше Валентина Добрева, менаџер за сертификација од Бугарија. На семинарот присуствуваа 35 учесници, од различни индустриски гранки.
Целта на семинарот беше да се запознаат фирмите од македонското стопанство со барањата и начините на вовердување на ISO 14001:2004 системот за управување со животната средина.

**15.05.2008**

**Претпристапните фондови на ЕУ - ИПА од Компонентата 1 во оперативна фаза - ВКЛУЧУВАЊЕ НА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА ВО ПОДГОТОВКАТА НА ПРОГРАМИТЕ**

Секретаријатот за европски прашања, Европската комисија во Македонија и Европската агенција за реконструкција организираа средба на којашто беа презентирани Оперативната програма и проекти од Компонентата 1 од претпристапните фондови на ЕУ - ИПА за 2008 година. На средбата присуствуваа претставници од Стопанската комора на Македонија и други бизнис-асоцијации, од невладиниот сектор и од центри за поддршка на компаниите.
Презентацијата на Секретаријатот за европски прашања, пред се`, ги потенцираше начинот и постапките во изготвувањето и одлуките кои проекти ќе влезат во Оперативната програма за реализација на Компонентата 1 од ИПА, во кој дел претставниците од Стопанската комора на Македонија побараа поголемо и поредовно вклучување на бизнис-заедницата во поднесување предлози, сугестии и одлуки за идните програми и проекти во следните години.

enterprise europe network
Business Support at Your Doorstep

Посебен акцент беше даден на проектите коишто ќе се однесуваат на пограничните места, кои се од Втората компонента на ИПА и се веќе оперативни и коишто би требало што поблиску да се презентираат и да се приближат до приватниот сектор. Стопанската комора на Македонија веќе презема активности во тој правец. Една од нив е и кампањата за запознавање со ЕУ-фондовите низ повеќето градови во РМ, токму со цел да ги приближи информациите до бизнис-секторот

**19.05.2008**

**Анаеробната пречистителна станица на м-р Јоти Поповски од Скопје - добитник на престижна награда на Енерџи Глоуб - БАКТЕРИИ ИСКОРИСТЕНИ ЗА НОВА ТЕХНОЛОГИЈА**

** Победа во конкуренција на 853 проекти поднесени од претставници на 109 држави, а наградата ќе биде доделена од страна на високи официјални претставници на Европскиот парламент на 26 мај годинава во Брисел*

Анаеробната станица за пречистување на отпадните води којашто работи на принципот на континуирана биофилтрација е добитник на престижната награда на "Енерџи Глоуб", австриска фондација, којашто функционира под покровителство на Обединетите нации. Изумот на м-р Јоти Поповски, дипломиран инженер-технолог од Скопје, Република Македонија, победи во конкуренција на 853 проекти поднесени од претставници од 109 држави.
Наградата ќе му биде доделена од страна на високи официјални претставници на Европскиот парламент, на 26 мај годинава, во Брисел.



- Проектот ја доби наградата на "Енерџи Глоуб" бидејќи обезбедува заштеда на електрична енергија по пат на алтернативни методи, со што ја заштитува околината, ја пречистува водата и ги заштитува површинските води и произведува биогас со многу висока концентрација на метан (87%), што може да се користи како гориво - објасни Драги Петрушевски, директор на "Интермонт" од Скопје, на прес-конференција во Стопанската комора на Македонија (19.5.2008 година).

**19.05.2008**

**Вести од покровителите: ИК Банка АД Скопје - ДХБ БАНКА ОД ХОЛАНДИЈА СТАНУВА МНОЗИНСКИ АКЦИОНЕР**

Извозна и Кредитна банка АД Скопје потпиша договор за купопродажба на контролен пакет акции со холандската Демир Халк Банка.
Банката соопшттува дека по добивање дозвола од регулаторните власти во Македонија и Холандија, ДХБ Банка ќе стане мнозински акционер во банката, а досега најголемиот акционер, Европската банка за обнова и развој-ЕБОР, и натаму останува значаен инвеститор во Банката со 25 отсто.
ДХБ Банка е основана во 1992 година во Ротердам. Свои филијали и експозитури има во Холандија, Германија и Белгија и претставништво во Турција. Располага со вкупна актива од околу две милјарди евра. Банката е активна во кредитирање на правни и физички лица, како и пласмани на пазарите во развој.

**26.05.2008**

**Делегацијата на Galillee College од Изреал во Стопанската комора на Македонија - ИСПИТУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА СОРАБОТКА**



Стопанската комора на Македонија, на 26 мај 2008 година, ја посети делегација од Израел, предводена од д-р Џозеп Шевел, претседател на Колеџот и д-р Баруш Леви, претседавач на Бордот. Со гостите разговараше Антони Пешев, потпретседател на Стопанската комора на Македонија.
Целта на нивната посета беше да се запознаат со работата и улогата на Стопанската комора на Македонија и да ги понудат нивните можности за соработка. Galillee College е познат особено по менаџмент обуките и по меѓународен маркетинг и неговите програми ги посетуваат учесници од повеќе од 150 земји.
На средбата беше договорено гостите да достават по електронски пат содржина на нивните програми со потребните детали, а Комората да ги дистрибуира до членките со цел да се види интересот за студиска посета на некои од програмите на Колеџот, како и за евентуални бизнис-средби коишто Колеџот, заедно со Стопанската комора на Македонија, би ги организирал со израелски бизнисмени.

**28.05.2008**

**Во Дубровник во Република Хрватска од 19 до 22 мај 2008 година, се одржа Генерално собрание на GS1 - МАКЕДОНСКАТА ЦЕРТИФИЦИРАНА АКРЕДИТАЦИЈА ПРИМЕР ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ**



Меѓународната организација GS1 од 19 до 22 мај, го одржа Генералното собрание во Дубровник, Република Хрватска. На Собранието присуствуваа околу 240 претставници на националните GS1 организации од целиот свет, меѓу коишто и од GS1 Македонија. На пленарните седници на Генералното собрание на GS1, се усвоија програмските активности и нивното финансирање за во наредната фискална година, ревизорските извештаи за финансиското работење и извештаите за реализираните програми за работа од претходната фискална година. Избран е нов Управен одбор, а довербата за нов Chairman на GS1 ја доби Bob McDonald - CEO од компанијата „Procter&Gamble” од САД. Република Црна Гора е примена за нова членка, а на определени земји им се доделени дипломи за јубиларно членство.

**30.05.2008**

**Претставник од Комисијата за безбедност и соработка со Европа од Конгресот на САД во Стопанската комора на Македонија - РАЗГОВОРИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА НАЈСТАРАТА И НАЈБРОЈНА АСОЦИЈАЦИЈА**



Во Стопанската комора на Македонија беше остварена средба со Shelly Heald Han, претставник од Конгресот на Сад, виш советник во Комисијата за безбедност и соработка во Европа, во придружба на претставник од Амбасадата на САД во Република Македонија.
На средбата се разговараше за бизнис-климата во Република Македонија, како и улогата на Комората во дефинирањето на деловниот амбиент во земјата. Притоа, м-р Ацо Спасовски, директор на Дирекцијата за деловни и општи услуги во Стопанската комора на Македонија, ги запозна гостите со структурата и дејствувањето на најстарата и најбројна бизнис-асоцијација во земјава и како и за бизнис-услугите коишто ги нуди за своите членки. Гостите беа запознати и со активностите на Комората коишто се од институционално и системско значење за подобрување на бизнис-климата во земјата и активностите коишто ги презема со цел привлекување странски инвестиции во земјата.
На средбата особено внимание беше посветено и на активната улога на Комората и нејзиното влијание врз предлагањето на ефикасни решенија при подготовката на системската регулатива од областа на стопанството и воспоставената соработка со Владата и Парламентот поради успешна имплементација на предлозите, забелешките и сугестиите коишто бизнис-заедницата ги пренесува до овие институции со посредство на Комората.

**03.06.2008**

**Јавниот и приватниот сектор се усогласуваат околу Стратегијата за индустриска политика на Република Македонија 2008-2020 година - МЕРКИ И ПОЛИТИКИ ЗА СИЛНА И КОНКУРЕНТНА ЕКОНОМИЈА**

** Иднината на македонската индустрија треба да се базира на финални производи со висókододадена вредност*

На состанок на Меѓуминистерската група за подготовка Стратегија за индустриска политика на државата, во која учествува и Стопанската комора на Македонија (27.5.2008 година), беа присутни и компании коишто ги изнесоа своите

ставови за очекувањата од новите мерки кои би го поттикнале нивниот развој и би го олесниле патот кон создавање конкурентски фирми подготвени да настапат и да го издржат глобалниот пазарен натпревар.
Подготовката на ваква стратегија произлегува од фактот што македонската економија мора да го фати чекорот со светските трендови на развој. Таа се подготвува за периодот до 2020 година. Предвидените мерки и политиките треба да се имплементираат за да се создаде силна и конкурентна економија.
Сите учесници, вклучувајќи ги претставниците од индустријата и од науката, се согласија дека иднината на македонската индустрија треба да се базира на финални производи со високо додадена вредност. Посебно се издвојува развојот на капацитети во истражување и развој на високо технолошки производи и услуги, органско земјоделство и индустрии базирани на обновливи енергии и информатичко-технолошки индустрии.

**04.06.2008**

**Вести од покровителите: Брилијант“ - Штип - НОВА ФАБРИКА, ТЕХНОЛОГИЈА И КОМПЈУТЕРСКИ ЦЕНТАР**

Фабриката за масло „Брилијант“ во Штип ја презентираше новата технологија за производство, фабрика за прочистување и компјутерски центар. Инвестицијата на „Брилијант“ е околу 10 милиони евра. Со новата технологија ќе се овозможи поквалитетно и поекономично производство на масло за јадење, а со тоа и поконкурентни цени на домашниот и странскиот пазар.
Со новата фабрика се очекува да се зголеми производството од 70 на 150 тони масло за јадење, а новата технологија ќе ја намали цената на производот на реномираниот македонски производител.

**05.06.2008**

**Во Битола се одржа работилница Стратегија за е-бизнис во Република Македонија и обука за МСП од Палагонискиот регион - ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО ВО ПРАКСА**

Во рамките на проектот ELISA (E-Learning for improving access to Information Society for SMEs in the SEE Area, на 4.6.2008 година во Битола, се одржа работилница на тема "Стратегија за е-бизнис во Република Македонија" и обука за МСП од пелагонискиот регион.
Работилницата ја отвори и присутните ги поздрави проф. Маргита Кон-Поповска, координатор на МАРНЕТ-ЕЛИСА за Македонија.
Пред околу триесетина компании од пелагонискиот регион се обрати Илиаз Хатзакис, претставник на координаторите на ЕЛИСА-проектот од Атина. Тој зборуваше за целта и значењето на проектот, особено за малите и за средните претпријатија. Тие се однесуваат на подобрување на пристапот на малите и средни претпријатија од Југоисточна Европа до знаењата за информатичко општество, информации, е-бизнис практика и глобализирана дигитална економија, со тесна соработка со академски и бизнис-заедници.
Во рамките на работилницата свои презентации имаа претставниците од "КИБС" АД - Скопје

**06.06.2008**

**Регионална комора со седиште во Битола: Тркалезна маса со ТТК Банка - ПРОМОЦИЈА НА КРЕДИТНАТА ЛИНИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ БИЗНИСИ**

На 5 јуни 2008 година, во Битола, во организација на Регионалната комора со седиште во Битола, а во соработка со ТТК Банка од Скопје, се одржа Тркалезна маса на тема:"Кредитни линии скроени по мерка: Што им е потребно на малите и средните претпријатија?". Во преполнетата сала со претставници од малите и средните претпријатија од Пелагонискиот регион, средбата ја водеше претседателот на Регионалната комора Битола, Благој Стојчев.На присутните од бизнисот им беше презентирана кредитната линија од Европската банка за обнова и развој, наменета за финансирање на развојот на малите и средните претпријатија во Република Македонија. Реализацијата на овој проект е со помош на грантот добиен од Министерството за еконимија и финансии на Република Италија.

**18.06.2008**

**Македонската асоцијација на пакувачите преку Стопанската комора на Македонија активно ќе учествува во изготвувањето на регулативата за амбалажен отпад - ЗАЕДНИЧКИ ДО ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ**

Нацрт-законот за отпад од пакувања во Република Македонија ќе се дградува со сите предлози и сугестии од инволвираните страни: индустријата и Асоцијацијата на пакувачи при Стопанската комора на Македонија, со цел донесување регулатива за амбалажен отпад со европски стандарди во управувањето со отпадот.

**19.06.2008**

**Потпишана Спогодба за продолжување на Општиот колективен договор за стопанството - УШТЕ ЕДНА ГОДИНА СО ПОСТОЕЧКИТЕ РЕШЕНИЈА**

Сојузот на синдикати на Македонија и Организацијата на работодавци на Македонија потпишаа Спогодба за продолжување на важноста на Општиот колективен договор за стопанството за уште една година. Спогодбата ја потпишаа претседателот на ССМ, Ванчо Муратовски и претседателот на Организацијата на работодавци на Македонија, Димитар Стојановски.
Договорот е ист како оној што беше потпишан пред две години заради тоа што се предвидува дека Законот за работни односи ќе претрпи измени. Двете организации го потпишаа договорот со истите права и обврски. Се очекува што ќе понуди Владата со најавените измени на законскиот текст и од нив ќе зависи што ново потоа ќе биде внесено и во текстот на Општиот колективен договор.

Со денешното потпишување се дава континуитет на правата и обврските кои се вградени во Колективниот договор за работниците и работодавците.

**20.06.2008**

**Промовиран луксузниот каталог на IN Design Studio - ВОДИЧ НИЗ МАКЕДОНСКИТЕ ВИНАРИИ**



Во просториите на Стопанската комора на Македонија беше промовиран каталогот на нејзината членка IN Design Studio "Водич низ македонските винарии" (19.6.2008 година). Презентацијата на луксузно подготвениот материјал за 23 домашни винари  и пред бројните посетители беше проследен и со дегустацијата на врвните брендови на винариите.
Ова е втор ваков водич на IN Design Studio, во кој се преставени можностите на Република Македонија и капацитетите за производство на еден од адутите на земјава за пласман на меѓународниот пазар - виното. Каталогот ја има клучната функција да изврши презентација и промоција на македонските винарски брендови пред странските бизнисмени и да влијае на неговиот што поголем извоз, а од IN Design Studio најавуваат дека секоја година ќе издаваат ново издание со уште побогати содржини.

**24.06.2008**

**Промовиран Меморандумот на македонската бизнис-заедница - ЗАЕДНИЧКИ ГЛАС ЗА ПОДОБРА ЕКОНОМСКА ИДНИНА**

„Кои се потребите на Македонија за подобра иднина“ е мотото под кое во скопскиот хотел „Александар Палас“ беше промовиран Меморандумот на македонската бизнис-заедница (24.6.2008 година). За прв пат на едно место се најдоа и под еден документ се потпишааа 9 стопански асоцијации од земјава кои обединуваат дури 90 отсто од компаниите кои делуваат во државава. На оваа своевидна порака до новата Влада се потпишани: Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија, Американската комора во Република Македонија, Македонско-германското стопанско здружение, Македонско-руската стопанска комора, Словенечко-македонскиот бизнис-клуб, Европската бизнис-асоцијација, Асоцијацијата на странски инвеститори и Британската бизнис-група.



- Добрата соработка на Владата со деловната заедница е важен столб за зголемување на економскиот раст и за подобрување на благосостојбата на населението. Се надевам дека Меморандумот ќе биде прв чекор кон постојано надополнуван дијалог со политичките институции, но и натамошна меѓусебна соработка на деловниот сектор во правец на натамошен развој на земјата, - посебно подвлече Гинтер Офнер, претседател на Европската бизнис-асоцијација, инаку главен иницијатор на собирањето на бизнис-секторот. - Сугестиите и предлозите содржани во документот се понуда до Владата да го искористи искуството на домашните и на меѓународните компании.
-Сега имаме чиста ситуација и можност барањата на стопанствениците да се пласираат на единствен начин, додаде Бранко Азески. - Стопанската комора на Македонија посебно ќе инсистира на воспоставување европски социјален дијалог.
Амбасадорот на Република Франција во земјава, Бернард Валеро, порача дека е неопходно продолжување на сите отпочнати реформи.
-Гаранцијата за успехот во спроведувањето на реформите е базирана врз партнерскиот однос на Владата и бизнис-заедницата, кои заедно треба да се соочуваат со проблемите и заедно да работат на нивно решавање, - подвлече Фуере.

**27.06.2008**

**Промовирана европската Програма за конкурентност и иновативност ЦИП 2007-2013 и Enterprise Europe Network во Македонија - ШАНСА ЗА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ БИЗНИСИ**

Европската комисија со свои претставници преку TAEIX-програмата ја промовираше Програмата за конкурентност и иновативност ЦИП 2007-2013 во Македонија.




Македонија ја добива својата шанса да биде дел од европското семејство во делот на развојот на малите и средните претпријатија. Преку оваа програма, нагласија европските претставници, македонските компании и институции имаат потполно еднакво право да се борат преку проекти за фондовите на ЕУ заедно со европските.
- Преку програмата на фирмите ќе им с  е овозможи пристап до финансии, со што се обезбедува делење на ризикот и наградата со приватни инвеститори на капитал и се обезбедуваат шалтерски или ко-гаранции на национални гарантни шеми, - порача министерката за економија Вера Рафајловска, отворајќи ја Конференцијата за Програмата за конкурентност и иновативност ЦИП 2007-2013.

Конференцијата, што се одржа во организација на Програмата на Европската комисија TAIEX и Министерство за економија во соработка со Enterprise Europe Network и Стопанската комора на Македонија, имаше за цел изворно од страна на претставниците на Европската комисија да ги информира компаниите и институциите за Програмата ЦИП 2007-2013.

**03.07.2008**

**Советот на странските инвеститори во целост ги поддржува мерките на Стопанската комора на Македонија за унапредување на деловниот амбиент - ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОТТИК НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**

** Советот усвои четири главни области на делување: даночната сфера, катастарот на недвижности, административни процедури и легислативата*




Советот на странските инвеститори при Стопанската комора на Македонија, седницата што ја одржа на 1.7.2008 година, ја посвети на разгледување на Предлог-мерките на Стопанската комора на Македонија за унапредување на деловниот амбиент, како и на утврдување на програмските активности на Советот до крајот на 2008 година кои ќе се реализираат со нова организациска структура на работење и управување.
Во дискусијата по предлог-мерките, за кои презентација изврши Славица Богоева од Стопанската комора на Македонија, тие беа во целост поддржани. Членките на Советот искажаа целосна подготвеност да го дадат својот придонес во предлагањето иницијативи со кои би се поттикнал интересот за инвестирање на потенцијални странски инвеститори, како и задоволство што предлог-мерките на Стопанската комора на Македонија, што ќе се упатат до Владата на Република Македонија, во целост ги изразувааат и интересите на членките на Советот.
Советот усвои четири главни области на делување: даночната сфера, катастарот на недвижности, административните процедури и легислативата. Прашањата кои би се обработувале во рамките на главните области ќе се однесуваат на олеснувањата за инвестирање, реинвестирањето на профитот, прибирањето на ДДВ, добивањето градежни дозволи, администрирањето, особено поврзано со работењето на Бирото за статистика и обемните податоци што се бараат од компаниите, прашањата на работните односи, покренување иницијативи за изменување на Законот за работни односи, Законот за трговски друштва, Законот за конкурентност и слично.

**04.07.2008**

**Работилница во Стопанската комора на Македонија - КАКО ДА СЕ ЗАШТИТАТ И ОСТВАРАТ ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНАТА СОПСТВЕНОСТ?**



Меѓународната организација за развој на правото (IDLO), со седиште во Рим, Италија, во соработка со IDLO Alumni - Асоцијација во Република Македонија, во периодот од 30 јуни до 4 јули 2008 година, организираше работилница на темата:
Интелектуалната сопственост во практиката: Како да се заштитат и остварат правата од интелектуална сопственост?
Целта на работилницата, која за првпат се одржа во Република Македонија, беше учесниците, во практицирањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост, да се запознаат со светските искуства и трендови од страна на предавачите на работилницата. Џулио Занети, експерт во областа на индустриската сопственост и шеф на Англофонскиот оддел на IDLO, раководител на работилницата, Даниеле Т. Иакобели, патентен-агент од DTI Patents, Џефри Стаинхард, интеранционален правен консултант, како и локалниот експерт од оваа област Валентин Пепељугоски, адвокат, застапник за индустриска сопственсот и професор на ФОН Универзитетот.
Работилницата се одржа во соработка и под покровителство на Стопанската комора на Македонија, а голем придонес беше даден од Мајкрософт, ЕВН Македонија и Адвокатското друштво МЕНС ЛЕГИС ЧАКМАКОВА - Скопје.
На работилницата учествуваа претставници на јавниот сектор, односно претставници од Управниот суд на РМ, Апелациониот суд - Скопје, Основен суд Скопје 2, Царинската управа на РМ, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Државниот завод за индустриска сопственост, Државниот пазарен инспекторат, како и претставници на приватниот сектор во Република Македонија, кои секојдневно работат во оваа област.

**08.07.2008**

**Групација за лифтови - ИНСПЕКЦИИТЕ ДОЦНАТ, НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА РАСТЕ**

Од  надлежните органи е побарано што побргу да издадат нови лиценци за овластени акредитирани инспекциски тела со оглед дека со законските прописи транзицискиот период на овластени акредитирани тела важеше до почетокот на март 2008 година. За спречување на нелојаната конкуренција побарана е  поголема активност на надлежните инспекциски органи.

**25.08.2008**

**СЕРИЈА СОСТАНОЦИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА КОРИТОТО НА РЕКАТА ВАРДАР**

Владата на Република Македонија превзеде активности за чистење на коритото на реката Вардар од Вруток до Гевгелија, за која цел при Министерството за транспорт и врски е формирано посебно Оперативно тело кое ги координира активности од овој вид.

Комората беше активно вклучена во овие активности во функција на анимирање на стопански субјекти коишто располагаат со градежна механизација (багери-гасеничари...) да ги пријават своите слободни капацитети за нивно соодветно вклучување во превземената акција.

**27.08.2008**

**Со јавна расправа во Стопанската комора на Македонија отпочна кампањатата за еколошка потрошувчка - НАМАЛУВАЊЕ НА ШТЕТНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

За повеќе прашања и аспекти за практичната примена на еколошките криетруми, меѓу кои и начинот на аплицирање и добивање на еколошкото лого (промовирано на состанокот) беше договорено поконкретните забелешки стопанствениците да ги достават до крајот на сптември оваа година.

**5.09.2008**

**Групација за производство и преработка на пластични маси реагира на Наредбата за забрана на употреба на пластичните кеси - РОКОВИ ЗА ЛИКВИДАЦИЈА НА - КОМПАНИИТЕ**

Да се промени рокот на почетокот на примената на наредбата и истиот да се прилагоди со роковите што се содржани во дадените упатства од страна на Европската Заедница (во Бугарија и Грција е 2011 година) .

Кесите што ќе се произведуваат од биоразградливи пластични материјали да не подлежат под наредбата.

Да им се помогне на фирмите со финансиска подршка да извршат преориентација на сопственото производство.

**05.09.2008**

**Потпишан Меморандум за соработка меѓу Комората и Центарот за управување со кризи - ПОТПИСИ ЗА ЗАШТИТА НА КОМПАНИИТЕ И ОПШТЕСТВОТО ВО КРИЗНИ СОСТОЈБИ**




Стопанската комора на Македонија и Центарот за управување со кризи потпишаа Меморандум за соработка (5.9.2008 година). Своите потписи на документот ги ставија Бранко Азески и д-р Панде Лазаревски, челните луѓе на двете институции. Со тоа на компаниите-членки на Стопанската комора на Македонија, ќе им се овозможи преку нивната стопанска асоцијација да бидат во функција на сопствената, но и општествената заштита од штети предизвикани во кризни состојби.

- Согласно Меморандумот, Комората ги става сите свои капацитети и мандатот, коишто произлегуваат од членството - компаниите, во функција на справување со евентуални кризи. Во системот што сега го градиме, фирмите се посебно заинтересирани за превентивна заштита, за да не дојде до загрозување на приватниот капитал, - истакна Бранко Азески. -Создавање свест за потребата на изградување индивидуални капацитети на компаниите за управување со кризни ситуации е и составен дел на нашето интегрирање во европските и интернационални структури. Заедно со Центарот за управување со кризи ќе работиме и во овој домен.

Според д-р Панде Лазаревски, потпишувањето на Меморандумот всушност претставува заокружување на соработката којашто досега се одвиваше на систематично-спонтан начин. Воедно, со него се трасира и натамошното суштинско и организирано делување на полето на превенцијата, но и во отстранувањето на последиците од настанатите кризи.

-Компаните располагаат со ресурси, материјално-технички средства, со човечки потенцијал и капитал, што се основните услови за справувањето со кризи. Ова е пример како државните органи, невладините организации и бизнис-заедницата функционираат во полза на граѓаните, - додаде д-р Панде Лазаревски.

**10.09.2008**

**„Брилијант“ - Штип - РЕКОРДНИ ПРИНОСИ ВО РЕГИОНОТ - ЦЕНАТА НА МАСЛОТО ОПАЃА**

Најголемиот македонски производител на масло за јадење, штипската фабрика “Брилијант“, најави дека од идната недела повторно ќе ја намали цената на маслото за јадење. Новото намалување ќе изнесува четири денари, исто како што тоа беше и кон крајот на август.

Причина за намалувањето на цената фактот дека производството е од суровина од годинашната реколта која е задоволителна.

**17.09.2008**

**Групација за откуп, преработка и користење на секундарни суровини - ЦЕЛОСНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ, А НЕ ЗАБРАНА НА ТРГУВАЊЕТО**

Надлежните органи да спроведат неселективна контрола во делот на исполнување на стандардите за вршење на дејноста согласно Законот за управување со отпад и подзаконските акти, посебно во делот на лиценците за складирање и трговија со неопасен отпад, како и за почитување на работното време.

**18.09.2008**

**Групација за пазари - ФИСКАЛИЗАЦИЈАТА ВО ЗАКОНСКИ ЛАВИРИНТ**

Констатирано е повторно дека и по една година, се` уште останаа недоречени и незаокружени одредени законски решенија, како што е регистрацијата на трговците, односно закупувачите на тезгите, потоа решавање на проблемот со „дивите„ продавачи околу пазарите. Од друга страна, инспекциските служби се` почесто вршат контроли и изрекуваат и казни, како за пазарите, така и за одговорните лица на пазарите

**18.09.2008**

**Македонска Енергетска Асоцијација - Стопанствениците од енергетскиот сектор ценат дека во Република Македонија потребно е да се формира Берза на електрична енергија**

Допис до Министерството за економија со барање државните органи да ја создадат законската рамка и прдусловите за нејзино формирање. Без оглед кој од можните модалитети ќе го одбере (да ја формира државата или да даде предуслови берзата да ја формираат приватни инвеститори) оваа активност треба да започне веднаш, како би можело до 2010 година таа да профункционира. За подетално елаборирање на овие ставови, МЕА ќе побара средба со Министерот за економија.

**25.09.2008**

**Групација за комунална хигиена - ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЌЕ ГИ 'СВЕТНЕ' ГРАДОВИТЕ**

Намалувањето на стапката на ДДВ на 5% јавно беше поздравена од страна на комуналните претпријатија, исто така, расправаше за Предлог-одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност.

**29.09.2008**

**Прилепска бизнис-делегација во посета на САД - ЗБРАТИМУВАЊЕТО ГИ ТРАСИРА БИЗНИС-КОНТАКТИТЕ**

** Свечено потпишан Договор за збратимување на Општината Прилеп и Општината Гарфилд, од Њу Џерси, САД, од страна на градоначалниците Марјан Ристески и Франк Каландриело, со што се предвидува и стопанска соработка меѓу двете општини*



Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и Општината Прилеп, а по покана од градоначалникот на Гарфилд од Њу Џерси во САД, Франк Каландриело, како и Македонската заедница од Њу Џерси, во периодот од 10 до 17 септември 2008 година во Америка престојуваше повеќечлена прилепска бизнис-делегација предводена од градоначалникот Марјан Ристески

Главна цел на престојот беше посетата на вториот по ред Македонски фестивал којшто се одржуваше во Гарфилд. Фестивалот ја презентира македонската историја, култура и економија, потоа збратимувањето на градовите Прилеп и Гарфилд, како и запознавање на нашите сонародници-бизнисмени и американските бизнисмени заинтересирани да инвестираат во Македонија, со предностите за инвестирање во Република Македонија и во регионот на општина Прилеп, користејќи го мотото: „Инвестирајте во Македонија - Инвестирајте во Прилеп“.

**02.10.2008**

**Вести од покровителите: „Витаминка“ од Прилеп - НА 11 ОКТОМВРИ СО НОВ ПОГОН ЗА КЕКСИ**




На 11 октомври годинава, прехранбената индустрија „Витаминка“ од Прилеп ќе пушти во употреба нов погон за производство на кекси. Во него се инвестирани 5,5 милиони евра, од кои четири милиони евра се кредит од Европската банка за обнова и развој, а останатите се сопствени средства.

Со новиот погон се отвараат и 50 нови работни места. Новиот погон за кекси, на површина на 8.700 метри квадратни метри, ќе го зголеми годишното производство на целата фабрика за четвртина. Годишно „Витаминка“ произведува 6.000 тони најразлични производи. Околу 70% од кексите произведени во новиот погон на „Витаминка“ ќе се пласираат на пазарите во регионот, Европската унија, САД и Австралија.

„Витаминка“ е една од најуспешните компании во Македонија, со околу 300 вработени.

**14.10.2008**

**Групација за производство и преработка на пластични маси - ПЛАСТИЧНАТА АМБАЛАЖА ДОПРВА ЌЕ СЕ РЕГУЛИРА**

Членовите на работната група ќе дадат придонес во донесувањето на Упатството за примена на наредбата, со кое, покрај погоре споменатите, очекуваат разјаснување на прашањата како што се: третманот на кесите за пакување со оглед дека полиетиленот за разлика од другите полимери единствено е дозволен за пакување на храна, како, односно со каква ознака тие би се разликувале од кесите за транспорт и врзано со тоа и примената на наредбата на зелените пазари во услови кога тие не се фискализирани.

**16.10.2008**

**Групација на авто-такси превозот**

Тема на состанокот беше Одлуката за авто-такси превозот на патници на подрачјето на градот Скопје, донесена од Советот на Град Скопје, која стапи на сила од 24 јули 2008 година на која се заклучи дека спроведливоста на Одлуката на Градот Скопје за авто-такси превозот на патници е со многу непознаници и се иницираше заедничка средба со претставниците на администрацијата на Градот Скопје за нејзино пролонгирање и измена.

**17.10.2008**

**Прва Конференција на менаџмент-консултанти во Белград, Република Србија - ОБЕДИНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА КОНСУЛТАНТСКИТЕ УСЛУГИ**



Претседателот на Регионалната комора со седиште во Скопје, Горан Рафајловски, присуствуваше на Првата менаџмент-консултантска конференција, што се одржа на 10 октомври 2008 година во Белград, во организација на Агенцијата за развој на малите и средни претпријатија и претприемачите на Република Србија, Агенцијата за промоција на извозот и инвестициите (SIEPA), како и Стопанската комора на Србија, со поддршка на Германската организација за техничка соработка (GTZ).
На Првата конференција на менаџмент присуствуваа претставници од регионот од поранешна Југославија.
Целта на оваа конференција беше собирање на припадниците на оваа професија во единствена гранска организација,

**17.10.2008**

**Дводневен семинар за Стратегијата за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија во град Скопје - ВИЗИЈА ЗА МОДЕРЕН ГРАД СО МНОГУ БИЗНИСИ**

Во организација на град Скопје - Секторот за економски локален развој, со поддршка на Холандската организација за развој СНВ, на 9 и 10 октомври 2008 година, во Негорски Бањи, се одржа дводневен семинар по повод изготвувањето на Стратегијата за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија во град Скопје.
На семинарот присуствуваа претставници на град Скопје, на општините на подрачјето на град Скоје, на државните институции за поддршка на малите и средни претпријатија, на коморите и на бизнис-секторот.
Целта на семинарот бреше заеднички да се помогне во креирање на стратешкиот документ, за што работниот тим даде доста предлози и сугестии, кои во голема мера ќе придонесат за подобрување на развојот и поддршка на малите и средни претпријатија на територијата на град Скопје и воедно израснување на Скопје во еден голем и модерен град со добра инфраструктура и многу бизниси.

**22.10.2008**

**Македонска асоцијација на рударството - МАР - КОЛКУ МОЖАТ ДА ИЗДРЖАТ МАКЕДОНСКИТЕ РУДНИЦИ?**

Влијанието на светската криза и падот на цената на металите, неповолно се одразува не само кај експлоатацијата и преработката на металите, туку во целиот комплекс на минерални суровини. Заклучено е да се подготват предлог-мерки кои ќе бидат доставени до Министерството за економија и до Владата на Република Македонија.

**24.10.2008**

**Производите на “WEILTON“, нов бренд на македонскиот пазар**

На 24 октомври 2008 година, во работна посета на Стопанската комора на Македонија претстојуваше г-дин Илија Узуров, официјален претставник на фирмата “WEILTON“, Wielun, Polska, произведувач на камионски приколки, полуприколки и надградби, со цел на македонската стопанска јавност да и се претстави како нов бренд, којшто во Европа и светот е веќе познат и признат, но на нашите простори, се’ уште, нема постигнато позначајна препознатливост.

**24.10.2008**

**Претседателот на Стопанската комора на Македонија приреди свечен прием по повод меѓународната награда на амбасадорите на Стопанската комора на Македонија -Групата „СИНТЕЗИС„ - ЗАСЛУГИ И ПРИДОНЕС ЗА КУЛТУРОЛОШКИОТ ТУРИЗАМ**



Амбасадорите на Стопанската комора на Македонија - Групата „Синтезис“, на 17 октомври 2008 година во Сплит, Република Хрватска, на троделната манифестација „INTERSTAS 2008“ - 15-та меѓународна смотра на туризмот; 11-от фестивал на туристички филм и екологија и 7-от избор на кандидат за меѓународна награда во областа на туризмот „Цвет на Европа 2009“, ја добија престижната Награда од европски ранг за придонес во културолошкиот туризам „INTERSTAS 2008“.
За значењето на оваа манифестација во европски рамки сведочи и фактот што и оваа година истата е под покровителство на претседателот на Република Хрватска, Стјепан

Месиќ, како и присуството на претседателот на Европската федерација на новинари од областа на туризмот со седиште во Рим, Антонио Конти.
За првпат оваа година на фестивалот наградата „Заслуги и придонес во културолошкиот туризам“ се додели на една музичка група.
Кандидатурата на „ Синтезис“ за оваа престижна награда дојде лично од долгогодишниот директор на „INTERSTAS“, Војко Плештина.
По тој повод, имајќи го предвид значењето и големината на оваа награда, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, приреди свечен priem во чест на добитниците на наградата - коморските амбасадори - „Синтезис“.
-Културните капацитети на земјава се далеку поголеми од нејзините стопански можности. Но, сепак, Стопанската комора на Македонија ќе продолжи со анимирање на своите членки во правец на поддршка на културниот идентитет и вредностите на ова поднебје во светот. - истакна на приемот Бранко Азески.

**27.10.2008**

**Средба на градежниците со Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски - СРЕДУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА СО ИНСТИТУТОТ „МОЛЧЕЊЕТО Е ОДОБРУВАЊЕ„**

Со донесување на сите подзаконски акти согласно законите за просторно и урбанистичко планирање, како и за градење, ќе се создаде можност за брза постапка во добивањето дозволи за градење или како што истакна министерот, компаниите треба да ја искористат можноста за отпочнување со работа или комплетирање на сите потребни документи, доколку молчи администрацијата, односно користејќи го институтот "молчењето е одобрување".

**27-28.10.2008**

**Здружение на индустријата за преработка на дрво и за производство на мебел и СИППО**

Стандарди, нови технолошки трендови и извозни можности во  индустријата за преработка на дрво И за производство на мебел во РМ

**28.10.2008**

**Здружението на текстилната индустрија и конфекција и Здружението на кожарско-преработувачката индустрија со заеднички предлог - ФИКСНА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОЦИТЕ И ПРИДИОНЕСИТЕ ОД ПЛАТА**

За да се почувствуваат позитивни ефекти од оваа значајна економска реформа во двете преработувачки индустриски гранки потребно е  намалување на висината на вкупните давачки од платата и тоа преку  одредување фиксна основица за пресметување на даноците и придонесите од плата. Предлог на стопанствениците е основицата да биде 50% од просечната плата во месец  декември од тековната за наредната година.

**28.10.2008**

**Стопанствениците даваат поддршка на Националниот план за управување со отпад (2008 - 2014) на Република Македонија - НА РЕД ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**

Презентацијата на НПУО ја изврши Миран Медвед, експерт од Република Словенија, кој што ги потенцира основните карактеристики на Планот, а кои се сведуваат во намалување на количините отпадот и систематски постепено користење  високи технологии за отпад со можност за негова валоризација. За целосна имплементација на НПУО се предложи, покрај стопанските субјекти, локалната самоуправа, неопходно е да се вклучи и Владата, заедно со министерствата за финансии, економија, здраство и  земјоделие.

**28.10.2008**

**GS1 Македонија - МЕЃУНАРОДНА ВЕРИФИКАЦИЈА НА УСПЕШНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**




Европската GS1 организација во рамките на своите редовни годишни активности организираше Форум (15-16.10.2008 година, Париз), на којшто учествуваа околу 250 GS1 делегати (менаџментот на националните GS1 организации, корисници на GS1 системот и „solution providers“ ) од 44 европски земји-членки на GS1 во Европа.
GS1 Македонија го презентираше својот модел „Македонски систем на цертифицирана акредитација“, кој имаше и претходна светска промоција со објавувањето на веб-порталот на Меѓународната GS1 организација, заземајќи ударно место меѓу селектираните топ 10 најексклузивни новости од светот.

**30.10.2008**

**Македонската енергетска асоцијација- Групација КГЛП и Групацијата за градежништво Советување на тема: Примената на законот и подзаконските акти за градење**

Да се прифати и да се применува регулативата за градење. Паралелно да се разрешат прашањата , недоречености и неадекватни законски решенија. Побрзо профункцинирање на Комората на овластени архитекти и овластени инжинери.

**04.11.2008**



**Регионална комора со седиште во Прилеп - ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА „3-ти НОЕМВРИ„**

По повод Денот на ослободување на Прилеп, Стопанската комора на Македонија - Регионална комора со седиште во Прилеп е добитник на Наградата „3-ти Ноември„ доделена од страна на локалната самоуправа и градоначалникот на општина Прилеп. Наградата е добиена за постигнувањата и поддршката за реализација на главните приоритети за развој на општина Прилеп. На свечената седница на Советот на општина Прилеп, која се одржа во Домот на културата „Марко Цепенков“, пред голем аудиториум, наградата на претседателот на Регионалната комора, Симон Наумоски, му ја врачи градоначалникот Марјан Ристески. Регионалната комора со седиште во Прилеп, како една од најактивните регионални комори во составот на Стопанската комора на Македонија, престижната Награда ја доби на база на досегашните активности и големата соработка со локалната самоуправа и градоначалникот на општина Прилеп, давајќи голем придонес за економскиот и инфраструктурен развој на општината.

**05.11.2008**

**Групација за рибарство - СУБВЕНЦИИ ЗА РИБНИОТ ПОДМЛАДОК**

Субвенционирањето на оваа стопанска гранка за 2009 година да се врши преку субвенционирање во цената на рибниот подмладок, за што ќе биде доставено официјално барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со пресметка на вкупно потребните средства за таа намена.Исто така, на состанокот се третираше и Законот за концесии, согласно кој членките побараа приоритет во добивањето на истите за стопанствениците кои веќе имаат изградено рибници, во однос на заинтересираните странки кои планираат да се занимаваат со рибарство.

**05.11.2008**

**Средба на бизнис-заедницата од регионот на Битола со министерот за информатичко општество и директорот на Управата за јавни приходи - ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ ОД ПОНИСКИТЕ ЕШАЛОНИ НА ВЛАСТА**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Битола и Стопанската комора на Македонија, во Хотелот „Милениум„ во Битола, на 31.10.2008 година, се одржа средба на стопанствениците од регионот со министерот за информатичко општество, господинот Иво Ивановски и директорот на Управата за јавни приходи на Република Македонија, господинот Горан Трајковски.

Средбата пред повеќе од 40 претставници на компании и медиуми ја отвори претседателот на Регионалната комора на Битола, господинот Благој Стојчев, кој го истакна значењето на овој настан за регионот бидејќи, на највисоко ниво, бизнис-заедницата ќе може да добие информации од сферата на деловното работење.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, господинот Бранко Азески, ја потенцираше активноста на компаниите во однос на коморското здружување од кое произлегуваат значајни предлози и сугестии кои беа изнесени пред Владата на Република Македонија.

Министерот Иво Ивановски ги изнесе сите проекти коишто во моментот се спроведуваат оваа година и планираните активности за 2009 година, кои се однесуваат на повеќе сегменти во деловното функционирање на македонските компании, како што се: електронско пријавување на завршните сметки, електронско плаќање на даноците, воведување на едношалтерски систем на царинската управа, електронски услуги на централниот регистар, електронско регистрирање на компании за 5 минути, електронско плаќање на придонесите за здравствено и пензиско осигурување и воведувањето на електронскиот потпис и сл.

Директорот на Управата за јавни приходи на Република Македонија ги презентираше новините во работењето од делокругот на Управата, при тоа истакнувајќи го зачајното подобрување на наплатата на даноците на компаниите во Република Македонија. Поента беше ставена на наплатата од 95 % која ја рангира Управата како лидер меѓу институциите во регионот. Тој исто така ја истакна советодавната улога на оваа институција и во таа насока ги напомена регионалните центри кои во моментот функционираат во различни региони во Република Македонија.

**06.11.2008**

**Дирекција за претставување и застапување на интересите на членките - БИЗНИС СО ИСКОРИСТЕНИ ВОЗИЛА И УПОТРЕБЕНИ ГУМИ СПОРЕД ДИРЕКТИВИТЕ НА ЕУ**

Предложени корекции во Правилникот: квантификации и стимулации за доносителите на искористените возила и гуми со цел да се обезбеди профитабилен бизнис со третманот на искористените возила, Актуелизирано прашањето на дерегистрација на возилото, што исто така треба да биде предмет на законска регулатива.

**11.11.2008**

**ЗАЕДНИЧКИ СОСТАНОК НА ТЕМА: Предлог мерки за системска подршка на земјоделството во 2009 година**

Тргнувајќи од фактот што буџетските средства за субвенции во земјоделството за 2009 година, сепак се испод висината на средства во земјите во регионот и ЕУ, неопходно е истите рационално и ефикасно да се искористат. Во тој контекст , членките од двете комори предложија да врз основ на согледувањата во кој дел поттикнувачките мерки односно субвенциите во 2008 година, дадоа најзабележителни позитивни резултати, тие дејности да бидат предмет на повисоко

субвенционирање во 2009 година. Впрочем субвенциите, се со цел да го поттикнат земјоделското производство, да влијаат врз зголемување на извозот, а намалување во увозот. Тоа е аргументот на членките, да во 2009 година истите се насочат во носечките гранки за најбрзо постигнување на таа цел. Исто така , во таа функција, се предложи да за 2009 година се изземе максималната граница на ограничување за правото на субвенции, затоа што приоритетната цел од државната помош е зголемување на конкурентноста на производите.

**12.11.2008**

**Здружението на производителите на тутун и производи од тутун за годинашниов откуп**

Барање за Упатство за пресметување персонален данок од Министерството За финансии

**13.11.2008**

**Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија расправаше за системска поддршка на земјоделството во 2009 година - РАЦИОНАЛНО И ЕФИКАСНО КОРИСТЕЊЕ НА 70 МИЛИОНИ ЕВРА**

Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија при Стопанската комора на Македонија, заедно со Агро-бизнис комората при Сојузот на стопанските комори на Македонија, на состанокот одржан на 11.11.2008 година, расправаше за системската поддршка на земјоделството во 2009 година, за којашто Владата на РМ проектираше 70 милиони евра.

Тргнувајќи од фактот што буџетските средства за субвенции во земјоделството за 2009 година, сепак се под висината на средствата во земјите во регионот и ЕУ, неопходно е тие да се искористат рационално и ефикасно. Во тој контекст, а врз основа на согледувањата во кој дел поттикнувачките мерки, односно субвенциите во 2008 година дадоа најзабележителни позитивни резултати, членките од двете комори предложија тие дејности да бидат предмет на повисоко субвенционирање во 2009 година

**13.11.2008**

**Здружението на производители на тутун и производи од тутун дебатираше за последните подготовки пред започнувањето на годинешниов откуп на суров тутун во лист - ПОБАРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОТКУПНАТА ЦЕНА ЗА 30 ОТСТО**

Надоместокот за застапување на претставниците од Здружението на производители на тутун и производи од тутун е на товар на производителите, а го засметуваат откупувачите на тутун при исплатата на истиот-беше договорено на седницата на Здружението одржана на 13.11.2008 година. За таа цел потребно е да се направи анекс на договорите во врска со задржување на средствата за повереницитe. во висина од 0,4%, а би бил одобрен од страна на ресорното министерство. Предложено е зголемување во висина од 30%, односно 183 ден/кг откупен тутун, како стимулација во висина од 60 ден/кг за басмак и 45 ден/кг за останатите типови тутун.



**20.11.2008**

**Седница на Управниот одбор на Групацијата за сува градба - ПРЕДЛОЖЕНИ СОЛИДНИ СТАНДАРДИ, ЗАБЕЛЕШКИТЕ ДО КРАЈОТ НА ЈАНУАРИ**

Разгледана работната верзија на Стандардизираните описи на сувомонтажните работи За прв пат во Република Македонија се покренува иницијатива за донесување Стандардизирани описи на сувомонтажните работи, со кои се очекува да бидат надминати одредени проблеми кои се јавуваат во тековното работење кај фирмите кои работат во ентериерното уредување и кои користат материјали за суво монтирање

**27.11.2008**

**Групација за градежништво – Измена на одредбите за добивање на лиценци на компаниите**

Останаа отворени прашања, иако се донесени законите и подзаконксиет акти, кои треба да претрпат измни од следните причини: недоречени членови имногу технички грешки, нецелосно дефинирани услови за добивање лиценци, посебно А и Б, изоставени членови со кои треба да се регулираат критериуми за добивање лиценци за изведувачите, скратување на рокот за добивање решение за локациски усллови и дозволи за градење и друго.

**28.11.2008**

**Групација за пазари – Инвестиции место глоба**

Организаторите на пазарите сметаат дека е потребна измена на законските решенија, пред се, заради ред на пазарите. Министерство за земјоделие, треба да опочне со давање на решенија за земјоделец поединец, заради самиот процес на фисклаизиација. Оргнизаторите на пазарите бараат средба со министерот за економија, за земјоделие и со државниот пазарен инспекторат, каде точно ќе се дефинаираат надлежностите, но и потребата од измена и дополонување на законски одредби од Законот за трговија.

**25-29.11.2008**

**Стопанската комора на Македонија со штанд учествуваше на Меѓународниот саем за етно храна во Белград**

Стопанската комора на Македонија учествуваше на заедничкиот ABC штанд, под покровителство на партнерскиот проект АБЦ-ДИХК, каде преку своите проспектни и промотивни материјали и примероци, се претстави пред голем број заинтересирани посетители на Саемот. Во рамките на Саемот беше одржан семинар на тема: Условите, можностите и потребната документација за извоз на органско свежо и преработено овошје и зеленчук од Србија и Балканот во ЕУ и

Германија, каде се изнесоа Тој позитивните карактеристики на органското производство можностите за негов развој, како и услови и документите за извоз на органските производи во земјите на ЕУ.

**02.12.2008**
**ТРИБИНА: Железницата приоритет во јавните инвестиции**
Основна препорака од трибината беше: "Приближување на железницата кон потребите на стопанството и нејзино поставување на реални основи", а беа предложени и конкретни насоки за остварување на намераваната цел.

**02.12.2008**
**Тематска расправа: Хармонизација на националната со европската стандардизација и имплементација на усвоените европски стандарди во градежништвото и производството на градежни материјали во РМ**




Целта на тематската расправа беше да се запознаат компаниите за досегашното работење на ТК во рамките на ИСРМ, како и усвоените МКС стандарди, кои се објавени во Службен весник на РМ, бр. 64/2007 и 129/2008.

**03.12.2008**
**Укинување на царините на суровините на на месните производи**
Членките на Групацијата согласно мерките кои ги предложи Владата на РМ за намалување на влијанието на светската финансиска криза во реалниот сектор, во делот на укинувањето на царините, донесе заклучок: - да достави барање на автономни мерки, за укинување на увозните давачки на говедско и живинско месо за преработка. Исто така на состанокот беа истакнати и проблемите со кои се соочуваат македонските фирми при извоз на своите производи во соседните земји.

**3.12.2008**
**Здружение на комунални дејности – ДДВ по наплатена фактура**
Здружението бара ДДВ да се плаќа по наплатена фактура, бидејќи процентот на наплата се движи од 32% па се до 90%-95%. Од друга страна државните институции имаат неизмирени обврски кон ЈКП, со што уште повеќе состојбата се отежнува. Претпријатијата бараат да се отпишат долгови кон ЈКП од страна на фирми кои веќе не постојат, да се рефундираат средствата на социјалните семејства, а обврските на државните инсутуции односно министерства да се наплатат или за истите да се направи рефундирање со обврскиет на претпријатијата.

**15.12.2008**
**Покровители на Стопанската комора на Македонија: ИК Банка од Скопје - ТРИ НОВИ ПАКЕТ ПРОИЗВОДИ**
ИК банка почна со издавање на платежните картички од брендот „мастеркард", кредитна и дебитна картичка. Во тек е промотивен период во кој за првата година граѓаните имаат можност да добијат бесплатни „виза" и „мастеркард", дебитни или кредитни картички по избор, две на иста сметка. ИК банка, исто така, промовира нов пакет-производи за штедачи, а воедно и поволни каматни стапки за депозити на физички лица. Третата понуда е за пензионерите. Со отворање трансакциска сметка во ИК имаат можност за бесплатно отворање и водење на трансакциската сметка.

**17.12.2008**
**Македонска асоцијација на рударствтото – МАР Концесискиот надоместок како стечаен управник**



Македонската асоцијација на рударството - МАР расправаше за економската криза во рударството и за прашања околу толкувањето и примената на Тарифникот за плаќање концесиски надоместок. Како последица на кризата, се` почесто се случува и да се откажат договорите или да се прекинат разговоите за нови вложувања во земјата, а има и застој во банкарското кредитирање на фирмите. МАР при секоја промена на законската регулатива за минералните суровини и подзаконските акти, реагираше и укажуваше дека честото менување на законите, а посебно на одлуките за плаќање концесиски надоместок, ќе има негативно влијание кај фирмте, што сега веќе се покажа во пракса. УЈП, при контролите кај фирмите им пресметува дополнителен концесиски надоместоци за ископани количини на јаловина или за планирана, а не откопана минерална суровина. МАР бара итна средба со Фатмир Бесими, министер за економија, со цел да се изнесат уште еднаш овие проблеми и да се изнајдат соодветни законски решенија, кои ќе имаат позитивни ефекти, како за фирмите, така и за државата.

**20.12.2008**
**Во Кочани стартуваше спроведувањето на Програмата „Форуми во заедниците", со поддршка од страна на Регионалната комора со седиште во Кочани - ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ СО ШВАЈЦАРСКА ПОМОШ**
Градочалниците на осум општини, меѓу кои и Кочани, ги потпишаа договорите со Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) финансиер на Програмата „ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦИТЕ". Регионалната комора со седиште во Кочани се вклучи во поддржувањето на процесот за спроведување на оваа програма, со анимирање на бизнис-заедницата за

активно вклучување во нејзиното спроведување.Преку Програмата „Форуми во заедницата“ жителите на општина Кочани одлучуваат кои се приоритетите за социоекономски развој на општината и кои активности може да се спроведат за подобрување на состојбата на локалната заедница. Генерално, целта на Програмата „Форуми во заедницата“ е да го поддржи процесот на децентрализација и да овозможи учество на граѓаните во развојот на заедницата на локално ниво. Програмата „Форуми во заедницата“ во општина ¬Кочани се спроведува од Фондацијата Институт отворено општество - Македонија (ФИИОМ) во соработка со општината и ЗЕЛС.

**26.12.2008**

**Групација за пазари – Владата ги прифати барањата и аргументите – Фискализацијата се одложува до влез на РМ во ЕУ**

Претставниците на средбата ги истакнаа проблемите околу фискализацијата, недостасува унифицирана потврда за земјоделец производител, закупците бараат да се оданочуваат паушално и друго. Ставот на Владата беше дека фискализацијата на зелените пазари се одложува и истата ќе се одложи до приме на Македонија ќе стане членка на ЕУ, а закупците на тезги и боксови кои се во рамките на пазарите (оградениот дел) ќе плаќаат паушален годишен данок. Исто така е договорено Министерството за земјоделство заедно со организаторите на пазарите да ги разменат податоците, со цел да се подготви регистар на замјоделци-поединци.
системот

**26.12.2008**

## Премиерот Никола Груевски, вицепремиерот Зоран Ставрески и министрите од економскиот сектор во Владата разговараа со претставници на Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија и Стопанската комора на северозападна Македонија за објавениот владин пакет од 10 мерки - ОБЕДИНУВАЊЕ ПРЕД НАЛЕТИТЕ НА КРИЗАТА*

Стопанствениците генерално задоволни од пакетот владини мерки за ублажување на последиците од светската економска криза* Бранко Азески најави можност за разговори и за мерки кои, според него, ги нема во веќе дадените, а би можеле да ја подобрат состојбата во челичната и текстилната индустрија. Стопанските комори во Република Македонија генерално ги поддржуваат и се задоволни од пакетот владини мерки за помош на македонското стопанство за ублажување на последиците од светската економска криза. Премиерот Никола Груевски, вицеп ремиерот Зоран Ставрески и министрите од економскиот сектор во Владата разговараа со претставници на Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија и Стопанската комора на северозападна Македонија за објавениот владин пакет од 10 мерки (29.11.2008 година). Премиерот Груевски на прес - конференција во Владата нагласи дека се отворени за размислувањата и предлозите на стопанствениците и оти доколку се укаже потреба и за некоја друга мерка сериозно ќе размислат за нејзино преземање. Според Мирче Чекреџи од Сојузот на стопански комори на Македонија, пакетот мерки на Владата се донесени во вистински момент, во пресрет на последиците од светската криза. Стопанската комора на Македонија исто така го поддржува владиниот пакет мерки за ублажување на последиците од кризата, кои според нив, не се специјални мерки, туку претставуваат континуитет на соработката со Владата. - Ова е Влада која континуирано на економијата и на реалниот сектор им посветува внимание и овие мерки ги сфаќаме во тој правец. Тие се симболичен гест дека Владата ќе биде со нас и ако дојде до потешки состојби. Факт е дека компаниите и ние како нивни претставници имаме партнер којшто секогаш ќе биде со нас и тогаш ако дојде до прелевање на кризата во реалниот сектор во димензии кои ќе бидат многу проблематични. Пред налетот на кризата сите треба да се обединиме, а Владата е стожерот околу кој сега сите треба да дадеме поддршка во очекување на она што може да се случи, затоа што тоа е реалност околу нас, подвлече претседателот на Комората Бранко Азески. Тој најави можност за разговори и за мерки кои, според него, ги нема во веќе дадените, а би можеле да ја подобрат состојбата во челичната и текстилната индустрија. Од владините пакет мерки е задоволна и Комората на северозападна Македонија.



**26.12.2008**

## "Систем за управување со животната средина ИСО 14001:2004" - УШТЕ ДВЕ РАБОТИЛНИЦИ - ВО СКОПЈЕ И ВО БИТОЛА

Стопанската комора на Македонија и Европската бизнис асоцијација заедно со Меѓународната финансиска корпорација ИФЦ, на 11.12.2008 година, одржаа работилница на тема: "Систем за управување со животната средина ИСО 14001:2004". Темата која се обработуваше и за која се дискутираше на работилницата беше меѓународниот стандард за управување со животна средина. Меѓународната организација за стандарди ИСО пронајде начин со стандардите ИСО 14000 да им помогне на претпријатијата во раководењето со еколошките



стандарди. Стандардот ИСО 140012004: или системот за управување со заштитата на животната средина претставува влијание на организацијата или компанијата на животната средина. Вакви работилници ќе се одржат и на 22.12.2008 година во Стопанската комора на Македонија и во Битола на 24.12.2008 година.

**27.12.2008**

**Стопанската комора на Македонија и Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" потпишаа Меморандум за соработка - ДОБИТНА КОМБИНАЦИЈА ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВНИЕ И ЗА СТОПАНСТВОТО**



Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и ректорот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", д-р Велимир Стојковски, во присуство на претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, потпишаа Меморандум за соработка (1.12.2008 година). Документот беше потпишан во просториите на Ректоратот во Скопје со цел меѓусебна соработка за потребите на високообразовната дејност и ст  опанството. Овој Моморандум придонесува кон современа реализација на практичната настава на студентите во согласност со најновите законски прописи и претставува чекор напред во имплементација на процесите и препораките од Болоња, чекор кој ни овозможува да се доближиме до европскиот простор на високото образование. - истакна Никола Груевски.
Во времето на големи промени, какво што е денешното, сите компании се соочуваат со опасноста конкуренцијата да ги промени темелите на правилата на играта во нивната дејност и со самото тоа да биде загрозена нивната егзистенција. Промените за менуваат со таква брзина што способноста за прифаќање на промените станува конкурентска предност за компаниите. - нагласи Бранко Азески.- Не можеме повеќе да се бавиме со бизнис како што тоа го правевме до сега. Потребен ни е поинаков бизнис. Иновативен, Непредвидлив. Изненадувачки. Според Бранко Азески, станува се' појасно и очигледно дека 21. век е време на интелектуална конкурентност. Заради тоа, како доминантен национален интерес пред секоја земја се поставуваат две барања: продукција на "умови" и создавање услови тие умови да се задржат и искористи нивниот потенцијал. Токму од овие причини, произлегува нашата претенциозност и убеденост дека преку соработката на двете институции ќе можеме да придонесеме во остварувањето на ваквите потреби. Потпишувањето на Меморандумот за соработка меѓу УКИМ и Стопанската комора на Македонија, според д-р Велимир Стојковски, е след на подолгорочна соработка меѓу двете институции, особено интензивирана во последните две години со подготовки за отворање на ЕИИЦМ.

**31.12.2008**

**Доделени сертификати за добро корпоративно управување за 2008 година - ШИРЕЊЕ НА ПРИМЕРОТ НА 19-ТЕ КОМПАНИИ**




Проектот за добро корпоративно управување за 2008 година, што го водеа Стопанската комора на Македонија, Комората на северозападна Македонија и Транпарентност - нулта корупција, финализираше со доделување сертификати. Тие беа доделени по повод Светскиот ден за борба против корупцијата - 9 Декември. Сертификатите ги  добија: "Агрипро„ - Валандово", "Виталиа" - Скопје, „ИНЕТ„ – Скопје; Комерцијална банка АД - Скопје; " Ренова" - Џепчиште; Стопанска банка АД - Скопје; "Макпетрол" - Скопје; Прокредит банка АД - Скопје; " Кнауф" - Дебар, "Тетекс" - Тетово; АСП-ПАК - Охрид, Охридска банка АД - Охрид; "Геопром" - Скопје; " Макстил" – Скопје; " Фармахем" – Скопје; "Раде Кончар-сервис" - Скопје; " Раде Кончар - ТЕП" - Скопје; "Еуролинк" - Скопје и Тутунска банка АД - Скопје. - Оваа година имавме поголем број апликанти на Проектот за добро корпоративно управување, - истакна Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, на свеченоста што се одржа во таа пригода во скопскиот хотел "Континентал". - Не` радува фактот што имаме добри компании кои навистина ги заслужија сертификатите за добро корпоративно управување. Убедени сме дека преку нивниот пример се` повеќе ќе се шират принципите и стандардите на доброто корпоративно управување во македонската бизнис-заедница.Стопанската комора на Македонија во своите оперативни активности постојано ги афирмира принципите и стандардите на доброто корпоративно управување кај своите членки. - Тоа е во согласност и со стратешките определби на Комората за борба против корупцијата на државно ниво. За таа цел, Стопанската комора на Македонија соработува и со Државната комисија за спречување на корупцијата, - додаде Бранко Азески.

**22.12.2009**

**Македонска енергетска асоцијација - Расправа по Предлог енергетскиот биланс на Република Македонија за 2009 година**

Во расправата, зедоа учество претставниците на енергетските компании, на потрошувачите како и претставници на науката. Се донесоа следните заклучоци: Да се изврши корекција на предлог проекциите од Енергетскиот биланс во делот на електричната енергија,  согласно искажаните потреби на стопанствениците, пред тој да помине во следните фази од неговот донесување. За пореално прогнозирање на потребите потребно е во рамките на Билансот, како единствен документ да се одделат големите од дистрибутивните потрошувачи каде реално се очекуваат поголеми отстапувања.Во услови на намалени цени на нафтата на светскиот пазар, ТЕЦ Неготино може да има голема улога во енергетската состојба во државата, пред се поради фактот што може да претставува алтернатива на увозот на електрична енергија.  поради што  потребно е нејзини ставање во функција.

# МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

**10.01.2008**

**Новоименувани амбасадори на Република Македонија во Република Србија и Република Црна Гора во подготвителна посета на Стопанската комора на Македонија - БЕЗРЕЗЕРВНА ПОДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТОПАНСКАТА СОРАБОТКА**

Александар Василевски, новоименуваниот амбасадор од Република Македонија во Србија и Стефан Николовски, новоименуваниот амбасадор во Република Црна Гора, на нивното барање, се сретнаа со Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија (10.1.2008 година), со цел информирање за приоритетите на стопанството организирано во Комората, во однос на земјите во коишто ќе ја извршуваат својата амбасадорска функција.
Бранко Азески, ја истакна извонредно добрата коморска институционална соработка на Стопанската комора на Македонија со Стопанската комора на Црна Гора и Стопанската комора на Србија, и подготвеноста на тамошните комори, заедно со нашата, да ги поддржат активностите на македонските амбасади за да се унапреди билатералната стопанска соработка.

**15.1.2008**

**Посета на амбасадорот на Република Пакистан на Стопанската комора на Македонија ИНВЕСТИТОРИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА МАКЕДОНСКОТО СТОЧАРСТВО,ТЕКСТИЛ...**

** Според изнесените економски проекции, оценка е дека интересот на пакистанските компании е пред сî насочен кон директни инвестиции на македонскиот пазар, а во помала мера кон непосредно учество во меѓусебната трговска размена*

Земјоделско-прехранбениот сектор, текстилната, фармацевтската индустрија, како и секторот за производството на медицински инструменти, се посочени како сектори со реален потенцијал за пакинстански инвестиции и билатерална трговија со Република Македонија - е оценка на Суад Ифтикхар Хусеин Шах, амбасадор на Исламската Република Пакистан, одговорен за Република Македонија, со седиште во Анкара, искажана за време на посетата на Стопанската комора на Македонија (15.1.2008 година).

**21.1.2008**

**Стопанската комора на Македонија ја посети директорот на Советот за трговска промоција на Хонг Конг за Германија и за Централна Европа - НАСКОРО СЕМИНАР ЗА ПРАВЕЊЕ БИЗНИС СО ХОНГ КОНГ И КИНА**

Организирање едукативен семинар на тема "Како да се работи со Хонг Конг и Кина" во првата половина на 2008 година, е заклучокот од средбата на Дирекцијата за меѓународна соработка со Винчел Чеунг, директор на Советот за трговска промоција на Хонг Конг, со седиште во Франкфурт.

**25.01.2008**

**Директорката на AM-CHAM во Македонија во посета на Стопанската комора на Македонија - АКТИВНОСТИ ПО МЕРКА НА ЧЛЕНКИТЕ**



"AM CHAM" во Македонија не делува како и другите мешовити американски комори во државите во регионот, бидејќи изостануваат директните странски инвестиции на компаниите од САД во земјава. Присатни се откупи на познатите американски брендови (Кока - Кола, Мајкрософт, Мекдоналдс...) од страна на домашните компании, кои се воедно и членки на Стопанската комора на Македонија. Затоа, интересот и конкретните активности на "AM CHAM" во Македонија се сведуваат на утврдувањето и промовирањето на заинтересираноста на македонските компании за економска с оработка со американските компании.

**ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**Стопанската комора на Македонија почна серија на прес-конференции на коишто го промовира своето неделно електронско издание "Бизнис инфо". На овие средби со новинарите, се елаборираат значајни теми што се објавуваат во "Бизнис инфо", а коишто се дел и од значајните на најбројната и најстарата бизнис-асоцијација во земјава.**

На прес-конференциите, на веќе утврдените теми, освен стручните луѓе на Стопанската комора на Македонија, учество земаат и претставници на науката и на надлежните органи, економски аналитичари, а деловните луѓе од компаниите - членки на Комората зборуваат за своите конкретни искуства во работењето.
Со кликнување на датумот можете да добиете преглед на одржаната прес-конференција, на базичните материјали и прес-клипинг од извештаите на присутните новинари објавен во електронските изданија на дневните весници, телевизии и агенции.
**19.5.2008 година** - PRESS Конференција - "Анеоробна станица за пречистување на комунални и индустриски отпадни води"

**05.05.2008 година** - PRESS Конференција - "Интегрирани еколошки дозволи, куси рокови со малку средства !? "
**21.4.2008 година** - PRESS Конференција - "Дијагоналната кумулација: можност за поголема конкурентност"
**14.4.2008 година** - PRESS Конференција - "Економско - социјален дијалог по европски стандарди"
**31.3.2008 година** - PRESS Конференција - "Актуелни проблеми во откупот и прометот со секундарни суровини"
**24.3.2008 година** - PRESS Конференција -
"Порастот на цената на храната - поттик за пораст на производството и извозот на земјоделско-прехранбените производи"
**18.3.2008 година** - PRESS Конференција - "Џонсон Мети" - Македонија и официјално членка на Стопанската комора на Македонија
**10.3.2008 година** - PRESS Конференција - *Западен Балкан: Зајакнување на европската перспектива и комуникацијата на Европската комисија за земјите од Западен Балкан (Прилог 1, Прилог 2, Прилог 3, Прилог 4)*
**3.3.2008 година** - PRESS Конференција - *Примена на Законот за стручно образование и обука и Законот за образование на возрасни (прилог 1 и прилог 2)*
**25.2.2008 година** - PRESS Конференција - Јавно-приватно партнерство - Јавно-приватното партнерство беше темата на редовната Конференција за медиумите што се одржа на 25.2.2008 година во Стопанската комора на Македонија.
* *Закон за концесии и други видови јавно-приватно партнерство*
**11.2.2008 година** - PRESS конференција - Заедничка акција меѓу органите на државната управа и Стопанската комора на Македонија во спречување на пиратеријата, Прва конференција за односи со јавноста "ПР Македонија 2008" и други активности на ПромаркМедија и Информација за цените на становите на пазарот на недвижности.
**04.02.2008 година** - PRESS конференција - Старт на процесот на сретификација на знакот CE
**28.01.2008 година** - PRESS конференција - ЦЕФТА договорот и Приоритетите на Трговската комора на САД за годинава

## 31.01.2008 година

## Започна конкретната индентификација на лабаратории за ЦЕ сертификација - ЧЕКОРИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА МРЕЖА



** Акредитираните лабораториии мораат да го задоволат критериумот на неутралноста, затоа тие треба да бидат во приватна сопственост, за да можат да даваат услуги и на комитенти од други земји*
Во Стопанската комора на Македонија (31.01.2008 година), се одржа средба на фирмите во коишто функционираат лаборатотрии за контрола на безбедноста на производите (електрична опрема, наменета за користење во определен напонски опсег и садови под притисок), со Кирил Спанѓев, заменик министер за економија со соработниците и со Трпе Ристоски, директорот на Институтот за акредитација на Република Македонија.
Со оваа средба и заемното информирање, почна и процесот на подготвување на земјата за сообразноста на производите и нејзино пренесување во надлежност на домашни и акредитирани лаборатории.

## 30.1.2008

## Трговското аташе на австриската амбасада во посета на Стопанската комора на Македонија - ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ДИНАМИЧНА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ

Интензивирање и развивање на одличните односи, како на економски, така и на институционален план, динамизирање и конкретизирање на можностите за соработка меѓу Македонија и Австрија, се заложбите на институциите од двете земји. Во тој контекст е и првата протоколарна посета на Стопанската комора на Македонија на новиот трговски аташе на австриската амбасада во нашата земја, м-р Анита Бавдаж.
Според оценките на Стопанската комора, меѓусебната соработка во наредниот периодот треба да се интензивира и насочи кон:
организирање едукативни семинари, трибини и работилници на разни актуелни стопански теми, преку обновување и унапредување на соработката со Институтот за унапредување на стопанството (WIFI);
поголема промоција на македонските потенцијали (особено на прехранбената индустрија и туризмот) со поддршка на Комората на Австрија и преземање заеднички активности на овој план, размена на информации за потенцијалите на двете стопанства и идентификација на стопанските сектори за коишто постои конкретен интерес за соработка.

## 19.2.2008

## Преставник на Владата на Западна Австралија во посета на Стопанската комора на Македонија - МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ПРЕПОЗНАТЛИВИ ПРЕТПРИЕМАЧИ

"Причината поради којашто су м дојден, е да се запознаам со деловната клима во Република Македонија, со инвестициските потенцијали, инфраструктурата и со начинот на којшто е организиран приватниот сектор во коморското здружување" - ја



објасни  Noel Ashcroft, експерт на Владата на Западна Австралија, целта на посетата на Стопанската комората на Македонија  (19.2.2008).
Сознанијата коишто ги стекна  Noel Ashcroft, ќе ги пренесе на Владата со цел да се изработи трговска и инвестициска стратегија во однос на Република Македонија. По своето враќање, австралискиот експерт навести  дека ќе ја посети Комората на Перт и ќе препорача воспоставување контакти со Стопанската комора на Македонија.

**21.2.2008**

**Клуб на фирми за соработка со Блискиот Исток и со земјите од Магреб - СО ИЗДРЖАНИ ПРОЕКТИ ПРЕД ЗАЛИВСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**




Стопанската комора на Македонија и Клубот на фирми за соработка со Блиски Исток и со земјите од Магреб, покренаа иницијатива заедно со Владата на Република Македонија и со неколку министерства да  подготват конкретна оперативна програма за настап на македонските компании на овие пазари. Побарано е Владата да одреди и координатор, за да се овозможи меѓусебна комуникација и практично, и брзо решавање на проблемите во трговските односи со фирмите од овој регион. До македонските компании е испратен повик да доставaт конкретни и издржани проекти до Стопанската комора на Македонија, коишто ќе бидат дистибуирани до тамошните деловни асоцијации како основа за натамошна соработка и за привлекување инвеситори од богатите заливски земји.

**20.2.2008**

**Македонско-турски бизнис-форум со фирми од Измир - БИЗНИС ПЛАН - ДУПЛИРАЊЕ НА РАЗМЕНАТА**




- Бизнис-заедниците од Република Македонија и од Република Турција би требало да постават цел - удвојување на сегашната трговска размена и достигнување на бројката од 500 милиони долари. Но, истовремено не би требало да се пропушти можноста дури и да се стигне до 1. 000,000 милијарда долари во меѓусебните трговски односи. Тоа  е лекот за урамнотежување на трговската размена, во којашто сега дефицитот во голема мера е на страната на Македонија - им порача на деловните луѓе од двете земји, Екрем Дермиташ, претседател на Извршниот одбор на Трговската комора на Измир, на Македонско-турскиот бизнис-форум (20.2.2008 година).

**28.2.2008**

**Амбасадата на Индонезија во Будимпешта и Стопанската комора на Македонија со заеднички иницијативи - ПРОМЕНА НА ВИСИНАТА И СТРУКТУРАТА НА МЕЃУСЕБНАТА РАЗМЕНА**

Зголемен интерес на македонските стопанственици за соработка со Индонезија и учество на саемите во оваа  земја по минатогодишна промоција на Индонезија во Стопанска комора на Македонија, Ова е оценката  на  Фајар Нуради, втор секретар во амбасадата на Индонезија со седиште во Будимпешта, задолжен за Македонија, Хрватска, Албанија  и БиХ,  при посетата на  Стопанска комора на Македонија (28.2.2008 година). Амбасадата на Индонезија  во Стопанската комора на Македонија гледа респектибилен партнер, со кој планира, заеднички да реализира неколку активности. Амбасадата на Индонезија со подршка на  Комората, и понатаму е подготвена да ги олесни процедурите на добивање визи на  деловните луѓе.

**29.2.2008 година**

**Средба со Јасон Мико, консултатнт на УСАИД, во врска со донесувањето на Законот за лобирање - КОМОРИТЕ СО ЛОБИСТИЧКА АКТИВНОСТ**

Во рамките на проектот на УСАИД за деловно опкружување, то тек е подготовка на прирачник за лобирање и застапување  за потребата на бизнис асоцијациите. Јасон Мико, консултант на УСАИД,  кој што го подготвува прирачникот, побара непосредно  да се запознае со ставовите на Стопанската комора на Македонија. На средбата (29.2.2008 година), според неговите зборови,  во  водечката  бизнис асоцијација во Република Македонија,    се разговараше за  идниот Закон за лобирање, кој е во фаза на донесување. Законот  се очекува да  овозможи слободен пристап кон институциите и поголема транспарентност во  нивното работење, но и на коморите ќе им биде овозможено да се регистрираат за лобистичка активност.

**4 март 2008 година**

**Презентација на Република Македонија и нејзиното стопанство на конференцијата 'Нова Европа' во Единбург, Шкотска - БАЛКАНОТ, СЕПАК, Е ПОБЛИСКУ ОД КИНА И ИНДИЈА**

На 4 март 2008 година, во Единбург, Шкотска, во организација на  Агенцијата за развој и меѓународна соработка (СДИ) и "Скотиш ентерпрајз Асосиејшн", се одржа меѓународната конференција "Нова Европа". Во рамките на конференцијата беше организирано саемско претставување на новите членки на Европската унија, коишто пристапија во европското семејство во 2004 година, како и трите земји со кандидатски статус: Македонија, Хрватска и Турција.
Стопанската комора на Македонија како единствен претставник од нашата земја, учествуваше на оваа престижна меѓународна манифестација.

Настанот имаше за цел шкотските компании да бидат охрабрени за работење со тој дел на европскиот континент, на којшто шкотските фирми досега не биле присутни или биле маргинално застапени..

**од 8 до 24 февруари**

**Прилепска бизнис делегација во посета на Австралија - ТРАСИРАН ПАТОТ ЗА СИЛНА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА СО НАШИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и Општина Прилеп, на покана на Општина Винсент од градот Перт, Австралија, во периодот од 8 до 24 февруари 2008 година, во Австралија престојуваше прилепска бизнис-делегација предводена од градоначалникот Марјан Ристески.
Главната цел на патувањето беше делегацијата да ги претстави предностите за инвестирање во Република Македонија и во регионот на општина Прилеп пред нашите сонародници-бизнисмени како и пред австралиските бизнисмени заинтересирани да инвестираат во Македонија користејќи го мотото "Инвестирајте во Македонија - инвестирајте во Прилеп".

**6.3.2008**

**Трговскиот советник при Амбасада на Малезија со седиште во Букурешт во Стопанската комора на Македонија - АГРЕСИВНА ПРОМОЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ПРЕСВРТ ВО РАЗМЕНАТА**

Унапредување на економската соработка и интензивирање на трговските релации меѓу бизнис-секторот од Македонија и од Малезија, преку конкретни проекти и активности - беа тема на средбата со трговскиот советник Ван Јусох, при Амбасада на Малезија со седиште во Бydimpe{ta.
Со оглед на недоволната билатерална трговска размена, како резултат на недоволното познавање на потенцијалите на двата пазара и на нивната географска одалеченост, беше предложено во наредниот период да се одржи Промотивен ден на Малезија. Настанот ќе има за цел промоција и непосредно претставување на економските потенцијали на Малезија пред македонската бизнис-заедница

**3 и 4 март 2008**

**Семинар за правила за потеклото на стоките, ЕУ и новата ЦЕФТА 2006 - ШТО ПОБРГУ ДО ПРЕГОВОРИ СО ЗЕМЈИТЕ ОД ЕВРО-МЕД ЗОНАТА**

Во рамките на Програмата за 2008 година на Проектот "Партнери", Асоцијацијата на балканските комори и Унијата на германските идустриски и трговски комори, поддржан од Владата на Република Германија, преставници од 66 компании, имаа можност (*3 и 4 март 2008 година*) да го унапредат знаењето во областа на потеклото на стоки во слободната трговија со ЕУ и во рамките на ЦЕФТА 2006.
Компаниите беа од областите на текстилот, прехранбената, металопреработувачката, хемиската и фармацевтската индустрија, пластични маси, а присуствуваа и преставниците на Царинската управа на Република Македонија.
Предавачот Хелмут Брандт, царински експерт од Германија, освен теоретски знаења, пренесе и практични искуства - ситуации со коишто можат да се сретнат фирмите во имплементацијата на билатералната, дијагоналната и пан-европска кумулација на стоки.

**11.3.2008**

**Посета на Валденар Лихтер, од Канцеларијата за надворешна трговија при Министерството за економија и технологија на Германија - БАРАЈТЕ ПАРТНЕРСТВА СО ГЕРМАНСКИ ФИРМИ ЗА НАСТАП НА РУСКИОТ ПАЗАР**

Новоименуваниот Валденар Лихтер, од германската Канцеларија за надворешна трговија, при Министерството за економија и технологија на ФР Германија, со седиште во Белград, одговорен за Албанија, за Црна Гора, за Косово, за Македонија и за Србија, ја посети Стопанската комора на Македонија (11.3.2008 година). Целте на неговата посета беше запознавање со функциите и делувањето на Стопанската комора на Македонија, со стопанството и со можностите за билатералната стопанска соработка
Исто така, со гостинот беа разгледани можностите за непосредна институционална соработка, а со цел унапредување на конкретната соработка меѓу фирмите од двете земји.

**13.03.2008**

**Кијонг Чунг, заменик амбасадор на Република Кореја во посета на Стопанската комора на Македонија - ЗАЕДНИЧКИ ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ**

Република Македонија и Јужна Кореја сѐ уште немаат воспоставено дипломатски односи, што битно влијае врз билатералната трговска размена. Немањето чувство на заштита, ги премислува компаниите, особено македонските, кога станува збор за извозот - беше првичната оценка на Кијонг Чунг, заменик амбасадор на Република Кореја, со седиште во Софија, при посета на Стопанската комора на Македонија.
Взаемно немаме доволно информации едни за други, момент којшто во иднина ќе мора да се надмине особено преку заедничките промотивни активности, вклучувајќи ја и можноста за посета на корејската комора, во рамките на една регионална посета.

**16.03.2008**

**Посета на Економско-трговскот советник на Белгија во Софија на Стопанската комора на Македонија - СО КОНКРЕТНА ПРОМОЦИЈА И МЕЃУСЕБНА ЕДУКАЦИЈА ДО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РАЗМЕНАТА**

Како да се унапреди економската соработка и да се интензивираат трговските релации меѓу бизнис-секторот од Македонија и од Белгија, беше целта на остварената протоколарна средба во Стопанската комора на Македонија со

Ерик Санткин, економс  ко-трговскиот претставник на Белгија во Софија. При тоа, беа посочени неколку конкретни промотивни и едукативни активности што би се реализирале во наредниот период. Така, според утврдената програма на Стопанската комора на Македонија, кон средината на октомври оваа година, планирано е одржување на Македонско-белгиски бизнис-форум во Скопје, на којшто учество ќе земат белгиски компании од различни стопански дејности.

**19.3.2008**

**Германската групација RWE Power AG во посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп - ИНВЕСТИЦИИ ОД 500 МИЛИОНИ ЕВРА ВО „ЧЕБРЕН“ И „ГАЛИШТЕ“**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп, а по барање на Групацијата RWE Power AG од Германија, на 19.3.2008 година, во Регионалната комора со седиште во Прилеп се оддржа зедничка средба Групацијата RWE Pawer  од Германија, има намера да инвестира повеќе од 500 милиони евра за изградба на хидроцентралите "Чебрен" и "Галиште" во Мариово.

**21.3.2008 година**

**Регионалната комора со седиште во Прилеп потпиша Спогодба за соработка со Трговско-индустриската комора од Корча, Албанија - ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕДПРИСТАПНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ**

Регионалната комора со седиште во Прилеп и Трговско-индустриската комора од Корча (21.3.2008 година), во Корча, Република  Албанија, потпишаа Спогодба за меѓусебна соработка.
Со Спогодбата се предвидува воспоставување соработка меѓу стопанските субјекти од двата региона, како и континуирана размена на деловни и маркетиншки информации.

**25.3.2008 година**

**Презентација на „Indonesia expo - Мостови на зближување„ што од 7 до 10 мај 2008 година, ќе се одржи во Варшава, Република Полска - МАКЕДОНИЈА - ДИСТРИБУТЕР НА ИНДОНЕЗИСКИ ПРОИЗВОДИ ВО РЕГИОНОТ**

Претставниците од бизнисот во земјава беа поканети да го посетат прვиот индонезиски саем во Централна и во Источна Европа "Indonesia expo - Мостови на зближување", што од 7 до 10 мај 2008 година, се одржа во Варшава, Република Полска. На презентацијата што беше извршена во Стопанската комора на Македонија (25.3.2008 година), беа повикани деловни луѓе од земјава за да се сретнат со своите индонезиски колеги, од трговската, инвестициите и туристичката дејност, и да се обидат да пронајдат партнер за да склучат бизнис со Индонезија.




**27.3.2008**

**Генерално собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК), во Истанбул, Република Турција - ЗАСИЛЕНА СОРАБОТКА ВО СОЗДАВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ПРОИЗВОД**

"Вкупната трговска размена меѓу земјите на балканскиот регион, годишно ја достигнува бројката од 1,5 милијарди долари. Неа ја остваруваат преку 2 милиони фирми и тоа е потенцијалот којшто треба на државите од регионот да им ги донесе максималните погодности и да биде основа за нивниот развој. И покрај таквиот стопански потенцијал, регионот сî уште нема направено регионален производ и регионална понуда - беше потенцирано на Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК), што се одржа во годинашната земја-домаќин - Турција (27.3.2008).



Со оглед што регионалните спогодби се своевиден столб на глобалната трговија, заклучено е дека стопанските комори треба повеќе да се ангажираат за поттикнување на интра-регионалната соработка. Тоа, всушност, би требало да резултира со создавање регионален производ. Меѓутоа, на тој "пат" сî уште постојат бројни пречки. Овојпат, посебно беа потенцирани отежнатите транспортни врски и царинските премини. Според членките на Асоцијацијата на балканските комори, регионот е омеѓан со премногу царински премини, што резултира со низа нетарифни бариери.

**9 и 10 април 2008 година**

**На 9 и 10 април 2008 година претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, престојува во Германија - ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА КОМОРИТЕ ОД АБК ГОСТИ НА ГЕРМАНСКАТА ВЛАДА И ДИХК**

На 9 и 10 април 2008 година претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески заедно со своите колеги од Асоцијацијата на балканските комори - (АБК) ќе биде гостин на германската Влада и Унијата на германските трговско-индустриски комори (ДИХК).

Целта на овие средби е да се направи завршна анализа на 14 годишната континуирана соработка со германската влада и Унијата на германските трговско индустриски комори, кои финансираа неколку заеднички проекти на балканските комори за зајакнување на нивниот институционален капацитет и подобрување на регионалната соработка. Ставот на Асоцијацијата на балканските комори изграден минатата недела на Генералното собрание на АБК во Истанбул е дека АБК - ДИХК Проектот заврши успешно, а тоа значи дека Асоцијацијата на балканските комори треба да стане Меѓународна организација.

**16 април 2008 година**

**Средба на претседателите на коморите од поранеша Југославија во Љубљана, Република Словенија - ЕКОНОМИИТЕ ЗБОРУВААТ СО ИСТ ЈАЗИК**

На 16 април 2008 година, во Љубљана, Република Словенија, се одржа средба на претседатели/претставници на коморите од поранешна Југославија, со учество на стопански делегации. Средбата се одржа за време на тридневниот настан "Словенечка деловна недела", којашто од 16 до 18 април ја организираше Стопанската комора на Словенија. Бизнис делегацијата од Македонија, составена од десетина деловни луѓе од земјава, ја предводеше Сава Димитрова, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија..

**24 април 2008 година**

**Писмо од Бранко Азески до Георг Касиматис, претседател на Унијата на грчките трговски индустриски комори - „ЗАЛОЖЕТЕ СЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРОТОК НА МАКЕДОНСКИТЕ СТОКИ ВО ВАШАТА ЗЕМЈА“**





Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, испрати писмо до Георг Касиматис, претседател на Унијата на грчките трговски индустриски комори. Во него тој истакнува: *Коморите, асоцијациите на бизнисот, отсекогаш биле авангарда во општествата, пред се' водени од слободниот претприемнички дух на своето членство, коешто по својата природа бара непречен проток на луѓе, стоки, услуги и капитал, иновации во работењето, тежнее кон интегративните и глобални процеси. Можноста и нивото на движење на капиталот и интернационализацијата на бизнисот отсекогаш биле стандарди на развиените општества.*

На крајот од писмото, Бранко Азески испраќа и покана до Георг Касиматис за заедничка средба од било која страна на границата за да заеднички ги разгледаат актуелните билатерални економски движења и коморската соработка во функција на нејзино унапредување, што е и во контекст на регионалната економија и ЕУ-интеграцијата.

**23.04.2008**

**Отворена Канцеларија на Словенечко-македонскиот деловен клуб - НОВИ ИМПУЛСИ ЗА ОДЛИЧНАТА БИЗНИС СОРАБОТКА**

Во просториите на Стопанската комора на Македонија со пригодна свеченост отворена Канцеларија на Словенечко -македонскиот деловен клуб и беа примени уште 19 нови членки. На собирот на компании кои се носители на бизнис релациите меѓу двете земји присаствуваа и Амбасадорот и Конзулот на Република Словенија во Македонија, НЕ Алаин Бриан Бергант и г-динот Томаж Тробентар.




**24.04.2008**

**Нови министри - советници во македонските амбасади во Берн, Киев и Варшава во подготвителна средба во Стопанска комора на Македонија - ВО ФУНКЦИЈА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИЛАТЕРАЛНАТА СОРАБОТКА**

Јасмин Ќахил, раководител на Секторот за организациски работи (новоназначен министер-советник во македонскта амабасада во Берн, Швајцарија), неговиот заменик Антоанета Рушкова (новоназначена за министер-советник во Киев, Украина) и Орце Џалески, помошник раководител на Директоратот за европски прашања (новоназначен како министер-советник во Варшава, Полска) ја посетија Стопанска комора на Македонија со цел воспоставување идна соработка и брифинг за интересот на коморското членство за конкретни заложби за унапредување на билатералната соработка со земјите на нивниот нов професионален ангажман.

**30 мај 2008**

**Шеста седница на Мешовитата македонско-кинеска комисија за економска и трговска соработка меѓу РМ и НР Кина - ПОТРАГА ПО ЛЕК ЗА ОГРОМНИОТ МАКЕДОНСКИ ДЕФИЦИТ**

Во Министерството за економија на Република Македонија, на 30 мај 2008 година, се одржа Шестата седница на Мешовитата македонско-кинеска комисија за економска и трговска соработка. Оваа седница се искористи како добра прилика за одржување деловни средби меѓу бизнисмените од двете земји. Од НР Кина беа присутни 3 компании (Rail Construction Stock Company, Haier и Company Gezhouba Group), кои работат во ИТ-индустријата, градежништвото и патниот и железничкиот сообраќај.

**29 до 31 мај 2008 година**

**Македонски компании учествуваа на Саемот на машинската индустрија АДАНА 2008 во Република Турција - УСПЕШНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРЕСТИЖНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА**

Во организација на Стопанската комора на Македонија, бизнис делегација составена од 20 компании-членки на Комората, го посети саемот на машинска индустрија "АДАНА 2008". Оваа меѓународна саемска манифестација се одржа од 29 до 31 мај 2008 година, во Адана, Република Турција.
Делегацијата на Стопанската комора на Македонија беше една од најголемите кои организирано го посетија Саемот. Стопанствениците од Република Македонија остварија бројни деловни средби на самата саемска манифестација, со изложувачите кои беа од повеќе земји и ги презентираа најновите достигнувања во машинската индустрија.

**2.6.2008**

**Американци од македонско потекло во посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп - ТРАСИРАЊЕ ИНТЕНЗИВНА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА**

Во посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп престојуваше Божидар Ачески, магистер по електоротехника, кој живее и работи во Оклахома во САД ( 2.6.2008 година).
За време на средбата гостинот изрази голем интерес за пласман на македонските производи на американскиот пазар со посебен нагласок на неметалите, особено прилепските мермери и гранити.
За таа цел Регионалната комора со седиште во Прилеп организираше посета на Мермерниот комбинат, Крин КГ, Крин производство и Украсен камен. Овие компании се производители и преработувачи на мермерите, а поседуваат и свои рудници во регионот.

**6.6.2008**

**Македонско-бугарски бизнис-форум со компании од Благоевград - ЕВРОПСКА ИДНИНА СО РЕГИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ**




Веруваме дека оваа средба ќе не' поттикне да се ангажираме повеќе на директни контакти и соработка меѓу регионите. Впрочем, еден од концепциските столбови на развој на Европската унија е развој и соработка на регионите, особено прекуграничните, - нагласи Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора со седиште во Скопје, на Македонско- бугарскиот бизнис-форум со фирми од Благоевград (6.6.2008 година).
Претседателите на регионалните комори од Благоевград, Струмица и Скопје се согласија дека предност во бизнис-релациите е што меѓу двете земји нема културолошки и јазични бариери. Но, затоа пак, детектираа дека нема доволно иницијативност потенцијалите од двете страни да се стават во функција на заеднички производ, особено наменет за трети пазари. Во тие рамки е и апелот да се соработува во триаголникот Ниш, Скопје и Софија и со таквата регионална соработка да се користат фондовите на Европската унија.

**10 јуни 2008 година**

**Промовиран проектот „Партнери 2„ кој оваа и идната година ќе се реализира во соработка со Eurochambres - БАЛКАНСКАТА КОМОРСКА МРЕЖА ВО ЛОВ НА ИНВЕСТИЦИИ**

Во Стопанската комора на Црна Гора на 10 јуни 2008 година се одржа првиот состанок на националните координатори по повод промоцијата на Проектот за промовирање на инвестициите во Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Србија и Црна Гора "Партнери 2". Проектот е иницииран и изработен од Eurochambres, а финансиран во рамките на Регионалната КАРДС-програма за 2005 година. Со овој состанок, всушност, отпочна реализација на Проектот, со траење од 18 месеци и вредност од 1.180.000 евра. Договорот е склучен директно меѓу Европската комисија и Eurochambres на 15 мај годинава што посебно ја отсликува заинтересираноста на Европската комисија за Проектот и успешноста на остварувањето на целите.
Општа цел на Проектот е да се развие поволна клима за привлекување на странските директни инвестиции во регионот на Западен Балкан. Оваа цел треба да се постигне преку зајакнување на улогата на коморите од Западен Балкан во привлекување и одржување на странските директни инвестиции преку размена на најдобрите практики од коморите на ЕУ и со обезбедување на експертски совети од нивна страна.

**6 и 7 октомври 2008 година**

**Стопанската комора на Македонија организира бизнис делегација за присуство на Американската Конференцијата за развој на трговијата и инвестиции во југоисточна Европа во Виена на 6 и 7 октомври 2008 година - УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВОТО СО АМЕРИКАНСКИТЕ КОМПАНИИ**

Со цел промоција на реформските и транзициските достигнувања и создавање на претприемчив амбиент за трговијата и инвестиции во регионот, а како израз на интересот за инвестиции и подршка од страна на приватниот сектор и владата на САД, Катерина Ухре, виш советник за трговски и деловни односе во Стејт Департментот ја посети Стопанската комора на Македонија (10.6.2008 година). Во разговорот со своите домаќини таа ја најави При оваа посета, Катрина Ухре ја повика Стопанската комора на Македонија да биде локален партнер во промоција на Конференцијата за развој на трговијата и инвестиции во југоисточна Европа,




**10.6.2008 година**

**Промовирана иницијативата за формирање Комора на млади претприемачи во Македонија (Junior Chamber) - ИЗВОР НА ПРОФЕСИОНАЛНИ И МОРАЛНИ ЛИДЕРИ**

Junior Chamber International-JCI со Стопанската комора на Македонија се иницијатори за основање Национална јуниорска комора во Македонија (10.6.2008 година).
За таа цел, во Стопанската комора на Македонија, пред претприемачите од 18 до 40 години, се презентираа начелата на JCI - воспоставување и примена на општествените вредности во бизнисот, во општественото опкружување и во приватниот живот.

**17.6.2008 година**

**Презентација на пристаништето во Бар, Црна Гора, во Стопанската комора на Македонија - ВРВНА УСЛУГА, КОНКУРЕТНИ ЦЕНИ, АМА И ТРАНСПОРТНИ ПРОБЛЕМИ**

Пристаништето во Бар е подготвено да биде дистрибутивен центар за македонски стоки при нивниот пласман на странските пазари. Ова е една од бланко-понудите која што им беше "испорачана" на преку педесетината претставници на триесеттина македонски компании на претставувањето на пристаништето во Бар, Република Црна Гора, во Стопанската комора на Македонија (17.6.2008 година).
Притоа, беа покренати и две иницијативи. Предложено е иницирање на разговори и евентуално склучување спогодба меѓу трите железници (црногорската, српската и македонската) со кој би се гарантирале цените и брзината на превозот на стоката. Другата се однесува на организирана посета во организација на Стопанската комора на Македонија на овдешните компании на пристаништето во Бар, при што на самото место би се виделе транспортните можности и квалитетот на услугите на ова пристаниште.

**23.6.2008 година**

**Амбасадорот на БиХ во посета на Стопанската комора на Македонија - КОНКРЕТНИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВИСОКА РАЗМЕНА**



Новоименуваниот амбасадор на Босна и Херцеговина во Република Македонија, Н.Е. Милан Балабан, на негово барање ја посети Стопанската комора на Македонија (23.6.2008 година). Во разговорот со Бранко Азески, претседател на најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава, беа разгледани прашања од областа на економската соработка меѓу двете земји и начините за незиното поспешување.
Во текот на средбата гостинот изнесе и две конкретни иницијативи :Мостарскиот саем изразува желба за членките на Стопанската комора на Македонија да направи презентација на саемските манифестации кои се организираат во овој град.Стопанската комора на Република Српска, пак, е заинтересирана за организирање на заеднички бизнис форум со Стопанската комора на Македонија.

**24.6.2008 година**

**Во Стопанската комора на Македонија беше извршена презентација на пристаништето во Драч, Албанија - АЛТЕРНАТИВАТА СО ШАНСА ДА СТАНЕ ГЛАВНА ОПЦИЈА**



Стопанската комора на Македонија, во соработка со Унијата на трговско-индустриските комори на Албанија, организираше претставување на пристаништето во Драч, пред околу триесетина македонски компании (24.6.2008 година).
За поголемо користење на ова пристаниште неопходна е доизградба како на патната, така и на железничката инфраструктура што минува низ нашата земја. Претседателот на Унијата на трговско-индустриските комори на Албанија, Илир Жила, ги информираше присутните дека во рамките на Комората имаат отворено Одделение за заштита на стопанствениците, кои во случај на проблеми, како со пристаништето, така и со царинските органи, можат да се обратат со своите барања, а двете комори ќе вршат заеднички притисок до владите на двете земји за надминување на проблемите..

**27.6.2008 година**

**Делегација од Перт, Западна Австралија, претстојуваше во Стопанската комора на Македонија - ДИЈАСПОРАТА МОСТ ЗА ПОГОЛЕМА РАЗМЕНА**

Делегација од Перт, Западна Австралија, престојуваше во Стопанската комора на Македонија, во рамки на возвратната посета што ја направија на Прилеп и земјава (27.6.2008 година). - Зоран Ќосевски, почесен конзул на Република Македонија во Перт, Западна Австралија, ја изрази надежда дека оваа посета ќе претставува важен чекор во

интензивирањето на меѓусебната соработка и повика бизнис делегација од Стопанската комора на Македонија да го посети овој дел на Австралија.

**01.07.2008**

**Македонско-словеначки бизнис-средби во Стопанската комора на Македонија - СО РЕГИОНАЛНИ ПРОИЗВОДИ ДО РАЗМЕНА ОД 1 МИЛИЈАРДА ЕВРА!**



Република Словенија и Република Македонија се' уште (пре)малку стопански соработуваат. За неколку години треба да стигнеме до бројката од 1 милијарда евра во меѓусебната размена, или пет пати повеќе од минатогодишната која изнесуваше нешто над 200 милиони евра. Се надеваме и веруваме дека имаме интерес, можности, капитал и знаење брзо да дојдеме до оваа цел. Притоа, неопходно е бизнисмените од двете земји што почесто директно да се среќаваат и да се договараат, - им порача на бројните деловни луѓе од двете земји, Само Хрибар Милич, извршен директор на Стопанската комора на Словенија.
Сава Димитрова, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, во обраќањето на Македонско-словенечкиот бизнис-клуб, изјави дека очекува техничко-технолошките и менаџерските капацитети на словенечките инвеститори da ги поддржат нашите претприемачи во пристапувањето кон ЕУ и светските пазари, за заедничко добро

**Турска делегација од Измир, Република Турција, во посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп - БЛИСКА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА СО ОПШТИНАТА ТИРЕ**




Во организација на Регионалната комора, во возвратна посета во Прилеп престојуваше повеќечлена делегација од Измир, Република Турција. Делегацијата беше предводена од градоначалникот на општината Тире, Мехмет Ситки Ичелли и Халук Халчакар, државен финансиски ревизор
Гостите беа запознати со природните ресурси и економските потенцијали на прилепската општина со цел добрите пријателски односи да се преточат во поголема економска соработка.

**Од 17 до 19 јули 2008**

**Од 17 до 19 јули 2008 година Стопанската комора на Македонија за домашните компании организира - ПОСЕТА НА ПРИСТАНИШТАТА ВО БАР И ВО ДРАЧ**

Стопанската комора на Македонија минатиот месец се стави во функција да и' помогне на бизнис-заедницата преку презентација на дел од морските пристаништа од поширокиот балкански регион, со што би се помогнало во напорите за изнаоѓање најекономичен начин за реализирање на договорените меѓународни увозно-извозни зделки.
Како резултат на пројавениот интерес од страна на македонските компании, на 17 и 18 јули 2008 македонските компании ги посетија луките Бар и Драч. Во луката Драч с коморската делегација имаше средби и со Регионалан комора Драч.

**16 и на 17 јули 2008**

**Претседателот на Жупаниската комора од Пула во посета на Регионалната комора - Прилеп**

На 16 и на 17 јули 2008 година, во работна посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп престојуваше претседателот на Жупаниската комора од Пула г-динот Шиме Видулиќ кој е и актуелен потпретседател на Хрватската господарска комора.
Vо 2006 година во месец октомври, двете регионални комори потпишаа Спогодба за меѓусебна долгорочна соработка. На гостите им беа прзентирани економските ресурси на регионот што го покрива Регионалната комора

**25.8.2008**

**Новоименуваниот генерален конзул на Република Македонија во Детроит во подготвителна посета на Стопанската комора на Македонија - ШАНСА ЗА СОРАБОТКА ВО АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА**

Стопанството на Детроит е во фаза на санација на рецесијата и се очекува нов развоен циклус. Овој град има силна автомобилска индустрија, што дава шанса за воспоставување деловни контакти, информира Игор Дуковски, генерален конзул во Конзулатот на Република Македонија во Детроит - САД, при посетата на Комората, на 25.8.2008 година. Игор Дуковски најави дека фокусот на неговиот ангажман ќе биде промоција на македонското стопанство и воспоставување директни деловни контакти. Во тој контекст, тој најави дека ќе иницира презентација на трговските и на инвестиционите можности на Македонија, со учество на заинтересирани стопанственици пред членови на Детроитскиот економски клуб.

**3.9.2008**

**Новоименованиот амбасадор на Шри Ланка во Република Македонија во посета на Стопанска комора на Македонија - ДО РЕГИОНАЛНИТЕ И ПАЗАРОТ НА ЕУ ПРЕКУ МАКЕДОНИЈА**

Коморскиот систем во Шри Ланка е со долгогодишна традиција. Институционализирање на коморската соработката е прв чекор за промоција и унапредување на билатералната соработка. Амбасадата и јас лично ќе ви пружиме

поддршката во тој прв чекор - посебно порача Мустафа Мохамед Џафер, новоименованиот амбасадор на Шри Ланка во Република Македонија, со седиште во Виена, при посета на Стопанската комора на Македонија (3.9.2008).
Гостинот изрази интерес во рамките на соработка со Стопанската комора на Македонија да иницира посета на група бизнисмени од неговата земја кои би биле заинтересирани преку Македонија да пристапат кон пазарите во регионот и ЕУ

**1.9.2008**

**Идниот амбасадор на Република Македонија во Индија во подготвителна посета во Стопанската комора на Македонија - ЗАПИРАЊЕ НА РАСТОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ТРГОВСКИ ДЕФИЦИТ**

Посетата на Петар Јовановски, идниот амбасадор на Република Македонија во и Слободан Узунов, идниот економски советник во истата амбасада, на Стопанската комора на Македонија (1.9.2008), беше искористена да се пренесат иницијативите на Комората за унапредување на билатералната трговска соработка. Таа во моментов не содејствува со потенцијали од двете страни и има тренд на зголемување на трговскиот дефицит на македонска страна.
Изразена е целосна отвореност на Комората за поддршка на активностите на Амбасадата во промовирање на Македонија, како платформа за пазарите во регионот и ЕУ на индијските претприемачи. Петар Јовановски информираше дека една од првите задачи кои планира да ги реализира на новата позиција е организирање посета на претседателот на Владата на Република Македонија на Индија, во придружба на овдешните компании

**2.9.2008 година**

**Воведувањето маршутен воз од Пристаништето во Бар за Македонија - СЕ` ЗАВИСИ ОД ЕКОНОМСКИТЕ КАЛКУЛАЦИИ**

Врз основа на иницијативата покрената за време на посетата на македонската стопанска делегација на Пристаништето во Бар, во деловните простории на Дирекцијата за железнички превоз на Србија, во Белград, се одржа работен состанокот на претставниците на железничките управи на Македонија и Србија (2.9.2008 година). Притоа се разговараше за можноста за поактивно инволвирање на железниците во отпремата на контејнерите од Пристаништето во Бар за Србија и Македонија, преку воведување нова линија, односно маршутен воз, со прифатливо време и трошоци на превоз до одредени дестинации.
Начелно е утврдено дека за обезбедување ефикасна железничка испорака (во поглед на време на патување) е неопходно да се воведе редовна линија, еднаш неделно од Бар за Скопје

**4.9.2008 година**

**Презентирани „Атлас Груп“ и Јадрански саем од Будва, Република Црна Гора - СОРАБОТКА НУДИ ХОЛДИНГ СО 16 КОМПАНИИ**

Пред македонскиот бизнис во Стопанската комора на Македонија се претстави Холдинг-компанијата „Атлас Груп“ од Република Црна Гора (4.9.2008 година), еден од водечките деловни системи на подрачјето на Југоисточна Европа. Дел од холдингот е и Јадранскиот саем од Будва чии манифестации беа презентирани пред деловните луѓе од земјава.
-„Атлас Груп“ е конгломерат кој делува во областите на финансиите, туризмот, примарното производство, едукацијата и електронските медиуми.
Традиционално македонските компании се редовни учесници на саемските манифестации што ги организира Јадранскиот саем од Будва. Но, оценка е дека можностите за економска соработка меѓу двете земји со исклучително добри политички односи, не се искористени ни оддалеку.

**17.9.2008 година**

**Амбасадорот на Унгарија во посета на Стопанска комора на Македонија - ИНТЕРЕС ЗА ОБНОВУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА**

Во имплементацијата на економската стратегија кон поранешните Ју-републики, Владата на Унгарија бележи значајни резултати со Република Словенија и Република Хрватска како во трговијата, така и во инвестициите. Оценка е дека Република Македонија се` уште не е доволно препозната од унгарскиот бизнис како перспективна деловна дестинација и покрај големата инвестиција во телекомуникациите. Ова го нагласи Ференц Кекеши, амбасадор на Република Унгарија во Република Македонија, во разговорот со Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија (17.9.2008 година).
Во тој контекст и треба да се зајакне коморската и билатералната соработка на компаниите. Ференц Кекеши и Бранко Азески се согласија дека набрзо треба да се иницира посета на македонски компании на Унгарија или унгарски на Македонија како и взаемно да се интензивира учество во саемските манифестации, секторски размени, информирање и конкретна поддршка.

**19.09.2008**

**Среба на претседателите на регионалните комори на Скопје и на Букурешт од Република Романија - ЗАЕДНИЧКИ САЈТ И ПРОМОЦИЈА ПРЕД КОМОРИТЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ПРЕСТОЛНИНИ**



Воспоставување заеднички сајт, пред се` со цел информирање за тендерите кои ги распишуваат градовите, заедничко учество во проектите со поддршка од ЕУ, поттикнување и овозможување на непосредни контакти на компаниите од двете престолнини, соработка со високошколски установ и со цел поддршка на примената на новите

технологии - ова се првични интереси препознаени меѓусебно од страна на Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора со седиште во Скопје и Димитриу Сорин, претседател на Регионалната комора на Букурешт. Гостинот нагласи дека развојот на стопанската соработка со земјите од Балканот е стратешка цел на Трговско-индустриската комора на Букурешт. Исто така и Романскиот инвестициски фонд ја има истата стратешка цел. Оценка е дека соработката со Република Македонија не ги следи можностите, пред се`, поради недоволната препознатливост на субјектите и познавање на деловната клима. Тој најави посета на бизнис-делегација на Трговско-индустриската комора на Букурешт на Стопанската комора на Македонија за ноември оваа година.

**19 септември 2008 година**

**Повеќемесечните напори на Стопанската комора на Македонија и нејзината Групација на меѓународни шпедитери и логистички оператори вродија со плод - ПРОМОЦИЈА НА МАРШРУТЕН ВОЗ ЗА ПРЕВОЗ НА СТОКИ БАР - СКОПЈЕ** *




Во присуство на претставници на железничките управи на македонската, српската и црногорската железница, а во соработка со раководството на Пристаништето во Бар, шпедитерската фирма “Паншпед“ од Нови Сад и Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори при Стопанската комора на Македонија, на 19 септември 2008 година во Стопанската комора на Македонија на македонската бизнис-заедница и` беше промовирано воведувањето на маршрутен воз за превоз на стоки на релација од Пристаништето Бар (Црна Гора) до Скопје и обратно.
На оваа промоција, , присутните имаа можност непосредно да се запознаат со сите актуелности во врска со воспоставувањето на новата железничка линија, а интерактивниот карактер на промоцијата им даде можност на присутните да поставуваат и конкретни прашања и да добијат соодветни одговори за сите отворени прашања во врска со оваа проблематика

**Од 25-28.9.2008 година**

**Македонски фирми од областа на земјоделието и прехранбената индустрија на Саемот “Агробиз 2008” во Тирана, Република Албанија - ИСКАЖАН ИНТЕРЕС ЗА СОРАБОТКА И ВЛОЖУВАЊЕ ВО ЗЕМЈАВА**

Од 25-28.9.2008 година, во организација на Стопанската комора на Македонија, македонски фирми учествуваа на Саемот за земјоделие и прехранбена индустрија “Агробиз 2008”, што се одржа во Тирана, Албанија.
Македонските фирми учествуваа на заеднички штанд на Саемот и преку проспектни материјали и примероци од производните програми се претставија пред голем број заинтересирани албански, косовски и други посетители на Саемот.

**Од 23 до 25 октомври 2008**

**Од 23 до 25 октомври 2008 година во Будва, Република Црна Гора се одржа САЕМ ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Во периодот од 23 до 25 октомври 2008 година, Стопанската комора на Македонија организираше учество на македонски компании на Меѓународниот саем за мали и средни претпријатија, во Будва, Република Црна Гора.
Саемот за мали и средни претпријатија е манифестација од општ тип и меѓународен карактер, на којшто свое учество најавија реномирани компании од регионот и пошироко.
Десеттото јубилејно издание на овогодинешниот Саем претставуваше добра можност македонските компании преку остварените контакти со претставниците на малите и средни претпријатија од поширокото опкружување, регионалното поврзување, партнерскиот однос и размената на искуства да ја претстават својата понуда и да остварат значајни комерцијални ефекти.

**30 септември 2008 година**

**Средба на Македонско-хрватскиот деловен-клуб со присуство на Гордан Јандроковиќ, министер за надворешни работи и европска интеграција на Република Хрватска - СО ЗАЕДНИЧКИ ПРОИЗВОД ВО ТРЕТИ ЗЕМЈИ**

Република Македонија целосно ја ужива поддршката на Република Хрватска, во однос на стопанската соработка која и натаму е предизвик за хрватските стопанственици особено во регионалната соработка во рамките на процесот на интеграција во ЕУ - изјави министерот за надворешни работи и европска интеграција на Република Хрватска Гордан Јандроковиќ, во своето обраќање до членовите на Македонско-хрватскиот деловен-клуб (30 септември 2008 година). Копретседателот на Клубот Бранко Азески, констатира дека трговската размена е во постојан тренд на пораст, а Република Македонија бележи суфицит. Стопанствениците-членови на Клубот истакнаа дека деловната клима во Република Македонија е во постојан процес на унапредување и доближување кон европските и меѓународните трендови. Потенцирани беа неколку прашања коишто на определен начин ја обременуваат билатералната стопанска соработка и беше побаран ангажман од надлежните за нивно надминување..

## Од 17 до 19 октомври 2008 година

**Од 17 до 19 октомври 2008 година во Грција се одржа - МЕЃУНАРОДЕН БИЗНИС-ФОРУМ ВО КОЖАНИ**

Economotechniki Ltd - Business and Development Consultants во соработка со регионот Западна Македонија во Грција, организираше Меѓународен бизнис-форум во рамките на првиот Саем за храна и пијалаци во Кожани, Грција што се одржа од 17 до 19 октомври 2008 година во Кожани, Грција. На бизнис-форумот учествуваа компании од областа на храната и пијалаците од 12 земји. Изборот на компаниите е базиран врз основа на листата-компании составена во соработка со Канцеларијата за економски и комерцијални работи во Грчката амбасада.

## 7.10.2008

**Националните координатори на Партнерскиот Проект АБК-ДИХК на средба во Сараево - ВТОРАТА ФАЗА НА ПРОЕКТОТ ОД 2010 ГОДИНА**

Република Германија на регионот Западен Балкан гледа како на стртешки пазар, но присуството на германските фирми се очекува откако тој пазар ќе стане целосно функционална зона на слободна трговија, - изјави Едвард Шварц, проект-координатор на Партнерскиот проект на Асоцијацијата на балканските комори (АБК) и Унија на германските индустриски и трговски комори (ДИХК) во Сараево (7.10.2008 година). Во главниот град на Б и Х се одржа состанокот на националните координатори на Партнерскиот проект АБК-ДИХК.

Погоре споменатата констатација беше пренесена на претседателите на коморите од земјите-членки на АБК, при нивната посета на Германија во април оваа година. Во текот на ноември месец оваа година ќе се реализира првата негова посета на Република Турција.

Инаку, овој Партнерски проект АБК - ДИХК треба да се заврши во 2009 година. Германската Влада го оцени како исклучително успешен. Тој имаше цел да го зајакне институционалниот капацитет на коморите, вклучувајќи го и капацитетот на АБК, да ги доближи компаниите до пазарите на ЕУ и да го поддржи обновувањето на стопанската соработка на регионот со Република Германија.

## 15.10.2008 година

**Македонско - белгиски бизнис - форум - ПОТРЕБНА ПОДРШКА СО ТРАНСФЕР НА ТЕХОЛОГИЈАТА**




Македонија има потреба од подршка во областа на високата технологија, трансверот на технологијата, "know-how", но и во создавање на можност за заеднички настап на овдешните со белгиските компании на пазарите на Европската Унија, бидејќи тие го имаат тоа искуство. - ова беше една од пораките што Антони Пешев, потпретседател на Стопанската комора на Македонија, им ја испрати на гостите на македонско-белгискиот бизнис форум, на кој присуствуваше и штотуку именуваниот амбасадор на Кралството Белгија во Република Македонија, Н.Е. Марк Мишиелсен (15.10.2008 година). Форумот го организираше Стопанската комора на Македонија во соработка со Агенциите за промоција на инвестициите и трговијата од Валонија AWEX и Фландрија FIT.

До новоименуваниот амбасадор, чие брзо присуство на еден бизнис форум сугерира што ќе биде сржта на неговиот ангажман во земјава, Антони Пешев, испрати уште една сугестија - тој да ја потсети Владата на Кралството Белгија да ги охрабри и да им помогне на нивните компании, не само на малите и средни бизниси, туку и на големите, похрабро и посмело да влезат во областа на инвестициите, бидејќи Белгија со оглед на економските потенцијали во тоа може да има значајна улога.

## 20 октомври 2008 година

**Амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија во посета на Стопанската комора на Македонија - ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО ВИЗНИТЕ ПРОЦЕДУРИ**



Стопанската соработка, словенечките инвестиции во Република Македонија, олеснување на визниот режим и заедничките активности во 2009 година - беа теми на разговор меѓу Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија и Ален Брајан Бергант, амбасадор на Република Словенија во Република Македонија при посетата на Комората, по негово барање (20 октомври 2008 година).

Заеднички е констатирано задоволство од нагорниот раст на трговската размена, вклучувајќи го, за првпат, трговскиот суфицит во полза на македонската страна, како и интересот и реализацијата на словенечките инвестиции во Република Македонија кои не спласнуваат.

## 14 октомври 2008

**Кои се резултатите од Првото заседание на Европскиот парламент на претпријатијата? - ЗАЕДНИШТВОТО ВОДИ КОН ИЗЛЕЗ ОД ФИНАНСИСКАТА КРИЗА**

Парламентарците - претприемачи се преокупрани со тековната финансиска криза. Со своите гласови членовите на Парламентот на претприемачите илустрираа дека шоковите од кризата почнаа да се шираат насекаде: 66% од учесниците ќе мораат да ги ревидираат инвестиционите планови, а половината од нив ќе се справуваат со затегнатите услови на кредитирање. Без оглед на соочувањето со финансиските проблеми, парламентарците дебатираа за некои

од суштинските проблеми со кои се соочува Европа денес, вклучувајќи ја меѓународната трговија, климатските промени и демографските смени.
Парламентот работеше во три тематски сесии, на кои се дискутираше и се гласаше за решенија, кои треба да бидат и насоки за одлучување и делување во земјава.

**17 и 18 октомври 2008 година**
**Економската соработка во евроазискиот регион - БИЗНИСОТ ТРГНУВА ПО ПАТОТ НА СВИЛАТА**
Трабзон, пристаништето на Црноморското крајбрежје на Турција, на 17 и 18 октомври 2008 година беше домаќин на првиот Самит на бизнисмените и претставниците на владите на земјите кои се на патот на свилата. Целта на Самитот беше промоција на Проектот за ревитализација на патот на свилата, вклучувајќи го поттикнувањето на регионалната соработка, трговијата и инвестициите. Организаторите на настанот беа Унијата на коморите и стоковните берзи на Турција, ДЕИК - Одбор за надворешна трговија на Турција, Трговско-индустриската комора на Трабзон и бизнисмени од Црноморскиот регион, но и од другите краишта на Турција.
Евроазиските енергетски коридори со себе неминовно ја повлекуваат регионалната соработка во трговијата, транспортот, логистиката, услугите и во реалното производство. Всушност, започна процесот на новото стратешко "изместување" на глобалната трговија или отворање, обновување на историските трговски трансверзали по линијата Далечен Исток - Европа.

**28.10.2008**
**Амбасадорот на Швајцарија во посета на Стопанската комора на Македонија - ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ШВАЈЦАРСКИТЕ КОМПАНИИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЗЕМЈАВА**
Во разговорот Бранко Азески накратко го запозна швајцарскиот амбасадор со капацитетот на Стопанската комора на Македонија и регионалните комори, како и со инволвираноста на институцијата на меѓународен план преку поврзаноста и членството во меѓународни организации. Амбасадорот на Швајцарија Никол Вурш изрази спремност за натамошна соработка на Амбасадата со Комората, во насока на спојување на компаниите од двете земји и привлекување на швајцарските компании да соработуваат и да инвестираат во земјава

**3 ноември 2008 година**
**Економскиот форум „Забрзано кон Европската унија“ во Охрид со порака - ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА, АДМИНИСТРАТИВЕН И ЕКСПЕРТСКИ КАПАЦИТЕТ**
Државите од Југоисточна Европа сакаат да влезат во Европската унија под истите услови како и претходните десет земји од "Нова Европа" без поставување на дополнителни критериуми. Ова е само една од пораките на грандиозниот собир на коморската мрежа на 11 земји од Југоисточна Европа на економскиот форум "Забрзано кон Европската унија" што го организираше Стопанската комора на Македонија. Енергијата уште



повеќе треба да ја насочиме, пред сеж на зголемување на синергијата меѓу политичката волја, административниот и експертскиот капацитет. Тоа е единствениот пат кој ќе нежж доведе до бараниот одговор. Приватниот сектор очекува неговиот експертски капацитет да биде искористен. - порача Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, на отворањето на Форумот. Приватниот сектор има капацитет и јасна волја во партнерството со јавниот сектор да го преземе својот дел од одговорноста за иднината, како на национално ниво, така и на регионално. Особено во овој чувствителен момент низ којшто минува светската економија. Ова го кажувам не само во името на македонската бизнис-зедница, туку и во името на регионалната.



**4.11.2008 година**
**Македонско-бугарски бизнис-форум - ЗА РАЗМЕНАТА КЛУЧНО Е МОДЕРНОТО ПАТНО И ЖЕЛЕЗНИЧКО ПОВРЗУВАЊЕ**
Избалансираната трговска размена не треба да не` задоволува и треба да поработиме таа да се зголеми. Бугарија не ја гледаме само како можен пазар, туку во неа бараме партнер кој ќе ни помогне во пласирањето на производството во Европската унија и на пазарите каде што нашиот сосед има постигнато успеси, - истакна потпретседателот на Стопанската комора на Македонија, Антони Пешев, на Македонско-бугарскиот бизнис-форм (4.11.2008 година). - Секоја "know how" инвестиција е добредојдена, а се надеваме дека Бугарија ќе ни ги пренесе и добрите и лошите искуства во користењето на претпристапните фондови на ЕУ, за да не ги направиме и ние истите грешки.

**5.11.2009 година**
**Советот за развој на трговијата на Хонг Конг ќе ги подджи македонските компании за настап на овој далекуисточен пазар - СО КОФИНАНСИРАЊЕ ДО ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРИ**
Во организација на Советот за трговска промоција на Хонг Конг, со седиште во Франкфурт и Стопанската комора на Македонија, се одржа едукативен семинар на тема: "Хонг Конг - врата кон кинескиот пазар. Винчел Чеунг, директор на Советот за трговска промоција на Хонг Конг, ги охрабри македонските фирми да се заинтересираат за пазарот на Хонг Конг кој е растечки пазар од 6 милиони потрошувачи, трет светски пазар за луксузни стоки, трето пристаниште во

светот по обемот на товарени и истоварени товари, најголема зона на слободна трговија во светот, логистичка поддршка на кинеската економија и град кој што е интегриран во глобална трговијата и финансиите.

**7 ноември 2008 година**

**Амбасасорот на Исламската Република Иран во посета на Стопанската комора на Македонија - СОСЕДИТЕ ИНТЕНЗИВНО ТРГУВААТ, МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ПАСИВНИ**

Оваа средба е стартна основа на идната целна соработка на коморите и компаниите - најави Бранко Азески - Балканот е во фокусот на иранската стратегија за соработка со странство, а Република Македонија е клучната земја. Билатералните односи Иран - Македонија во целина се задоволителни, но од заеднички интерес е да се унапреди економската соработка. Стопанската комора на Македонија ќе изготви документ, базиран на оваа средба и ќе се обрати до партнерската комора во Иран, со предлог за натамошни активности.

**12.11.2008**

**Што покажа средбата на Националниот совет за ЕУ-интеграција со Јан Трушински, заменик-директор на Директоријатот за проширување на Европската комисија ( во делот за економијата) - РЕФОРМСКИ ПРОГРАМИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СТРУКТУРНИТЕ СЛАБОСТИ**

Констатиран е недостиг на човечки и на финансиски ресурси за целосна имплементација на acquis (acquis подразбира не само, во нашиот случај, апроксимација на законодавството, туку и функционални институции за примена на тоа законодавство и негово документирано следење). Во однос на економијата се констатира дека интеграцијата на македонската економија со ЕУ е добро напредната. ЕК констатира солиден раст на економијата, но најновите случувања во светската економија придонесуваат да се заострат состојбите во надворешната ликвидност и пораст на инфлацијата. Доколку трговскиот дефицит и понатаму бележи раст, ќе се создаде опасност за негово финансирање.

**12.11.2008 година**

**Почесниот конзул на Република Македонија во Индонезија во посета на Стопанската комора на Македонија - ВО МИСИЈА НА РЕЛИГИСКИ ТУРИЗАМ**

Почесниот конзул на Република Македонија во Индонезија, Сој Пердеде, побара логистичка поддршка од Стопанската комора на Македонија во остварување на неговата мисија - промоција на македонското стопанство и воспоставување директни деловни контакти. Како што беше посочено, не се исклучува и можноста за деловна и туристичка посета на Македонија, во насока на развивање на религискиот туризам, за што постои заинтересираност од индонезиска страна.

**14.11.2008 година**

**Македонско-српски бизнис-форум со фирми од регионот на Скопје и Валево - ЕЛЕКТРОНСКОТО ПОВРЗУВАЊЕ ЈА ЗГОЛЕМУВА РАЗМЕНАТА**

Регионалните стопански комори од балканскиот простор, вклучувајќи ја и Турција, набрзо ќе се поврзат електронски. Носител на овој голем проект е Регионаланата комора со седиште во Скопје. Електронското поврзување ќе овозможи, меѓу останатото, бизнис-секторот да има увид во сите тендери, лесно да се воспоставуваат бизнис-контакти и на тој начин да се зголеми стопанската соработка во регионот, - нагласи Горан Рафајловски.

**14 ноември 2008 година**

**Во Регионалната комора со седиште во Битола средба со Индустриската федерација на Северна Грција - ЈАКНЕЊЕ НА ПОГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА**

За времетраење на настанот беа одржани работилница и конференција на тема: „Бизнис-климата и можностите за воспоставување и подобрување на економските односи меѓу фирмите од двете земји". Двете бизнис-делегации разговараа и за пограничната соработка. Во присуство на 40-тина фирми од регионот на Битола и 12 гости од Република Грција се оствarија контакти меѓу раководствата на двете деловни асоцијации и меѓу стопанствениците.

**20.11.2008 година**

**Одржана јавна трибина „Руската Федерација - економски предизвик на македонското стопанство" - ПОДАЛЕКУ ОД МОСКВА - ПОЛЕСНО ДО ПАРТНЕРИ**



Иако либерализацијата на визниот режим е најавена како особено погодна за поттик на меѓусебните трговски односи, воведеното барање на потврда од руските миграциони служби го прави спротивното. Земјите од регионов ја развиваат трговската соработка со Руската Федерација и во тоа тие предничат пред Република Македонија. Затоа ни е неопходен проактивен и поинтензивен ангажман во однос на Руската Федерација како стопански партнер на земјава: потребна ни е транспарентна стратегија, методологија и пред се' динамика За следната година неопходно е значително да го отвориме овој алтернативен пазар за македонското стопанство и да го намалиме дебалансот во трговијата со оваа земја, беше пораката на компаниите од јавната трибина што беше организирана заедно со Македонско-руската стопанска комора под насловот: „Руската Федерација - економски предизвик на македонското стопанство"

**24.11.2008 година**

**Стопанската комора на Македонија носител на Регионалниот проект за привлекување странски инвестиции со поддршка на Eurochambres - "ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН КАКО ИНВЕСТИЦИОНА ДЕСТИНАЦИЈА**

Компонентите на овој проект се: креирање на Преспа како регионален бренд, прекуграничен кластер за јаболко и категоризација на приватното сместување на албанската страна на езерото. Со помош на италијанското искуството во организирањето на индивидуалните производители, преработувачи и извозници во кластери, ќе се основа кластер за јаболко, кој ќе биде со прекуграничен карактер. Неговата цел ќе биде привлекување инвестиции кои би ја подигнале конкурентноста на овој сектор. Во областа на туризмот ќе се обезбеди трансфер на know-how на македонските оператори во развојот на руралниот туризам, online-промоција на регионот преку имплементирање на заеднички портал и online-промоција на регионот како бренд.

**26.11.2008**

**Македонските компании со порака до новиот македонски амбасадор во Република Чешка на средбата во Стопанската комора на Македонија - ПРЕСВРТ ВО РАЗМЕНАТА СО АГРЕСИВНА ПРОМОЦИЈА**

Со оглед на тоа што не се констатирани отворени проблеми кои се јавуваат при работењето на македонските компании со чешките партнери, присутните стопанственици ја наведоа интензивната промоција на македонските компании на чешкиот пазар како клуч за унапредување на билатералната трговска размена. Амбасадорот Илиевски се обврза при секоја негова посета на тамошните државни институции, стопански комори и при посетата на чешките фирми да ги промовира потенцијалите на македонското стопанство и индивидуално македонските компании преку дистрибуција на каталози, брошури и промотивни материјали. Истовремено, нагласена е и потребата од редовно и динамично информирање за понудата и побарувачката на стоки и услуги на чешкиот пазар, која преку информативните гласила на Стопаската комора на Македонија ќе се дистрибуираат до крајните корисници

**26 и 27 ноември 2008**

**Балкански економски самит и Генерално собрание на Асоцијацијата на балканските комори во Истанбул, Република Турција - ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БИЗНИС-ДИЈАЛОГОТ ЗА ИЗЛЕЗ ОД КРИЗАТА**

На средбата беше истакнато дека во овој момент на глобалната економска и финансиска криза од особена важност е да се зајакне соработката и довербата. Коморите, како претставници на организираниот приватен сектор, според неговите зборови, во тоа имаат клучна улога. Присутните претставници на балканските земји цврсто се согласија дека коморите треба внимателно и сериозно да ги набљудуваат случувањата и да ги информираат владите за дневните состојби за да може навреме да се реагираЗа таа цел, предложено е да се формира координативно тело на Асоцијацијата на балканските комори коешто на регионално ниво ќе разменува информации за состојбоите во стопанството бидејќи заедничка е оценката дека кризата ќе се одрази на секое стопанство, без оглед на големината и на географското и економското позиционирање.

**27.11.2008**

**Генерално собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК) во Истанбул, Република Турција - ПРИОРИТЕТ ВРЗ ТРАНСПОРТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РЕГИОНОТ**

Претседателите на коморите ги потврдија препораките од тркалезната маса и донесоа одлука секоја година да се организира економски форумм со учество на претставници на владите и на приватниот сектор. Со оглед дека претседавањето со АБК во 2009 година го има Унијата на албанските комори, беше решено следниот економски самит да се одржи во Тирана и на него итно да се организира расправа за транспортната инфраструктура во регионот. На Генералното собрание беше иницирано основање на АБК - женска мрежа на претприемачи.

На Балканскиот економски форум во Истанбул беше потпишана Спогодба за соработка меѓу АБК и Асоцијацијата на медитеранските комори и Договор за слободна трговија меѓу Република Турција и Република Црна Гора

**27 и 28 ноември 2008 година**

**Возвратна посета на Регионална комора со седиште во Битола на Федерацијата на индустрии на Северна Грција и Професионалната комора од Солун, Република Грција - ИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА ВО ПОГРАНИЧНИОТ РЕГИОН**

На конференцијата беше истакната потребата од проширување на соработката меѓу фирмите од пограничниот регион од двете страни на границата. На средбата беа остварени директни средби меѓу фирмите од Битола и Солун. Беше констатирано и договорено ваквите контакти поинтензивно да продолжат следната година, но и поединечните контакти на фирмите од Солун и Битола, а за тоа постојат сите услови.

**9.12.2008 година**

**Амбасадорот на СР Германија во земјава во посета на Стопанската комора на Македонија - ИНТЕНЗИВНАТА СОРАБОТКА ПРОДОЛЖУВА И ВО 2009 ГОДИНА**

Во разговорите гостинот беше информиран за досегашната добра соработка на Стопанската комора на Македонија со Унијата на индустриско-трговските комори на Германија и проектите кои досега се направени за фирмите.
Претседателот на Стопанската комора ја потенцираше и поддршката на Амбасадата на СР Германија во Реублика Македонија при меѓусебната размена на информации, а што е во насока на подобрување на контактите меѓу компаниите од двете земји

**22.12.2008**

**Средба на бизнис заедницата со вицепремиерот Ивица Боцевски за “Визната либерализација на РМ со ЕУ” - Шенгескиот ѕид и натаму исправен пред бизнисот**

Бизнис заедницата во Македонија се уште се соочува со бројните пречки при добивањето визи за влегување во земјите членки на ЕУ, без оглед дали се тие дел од Шенген-спогодбата. Неунифицираност на процедурите, дискрециони приоди кон оваа проблематика создаваат фактор на неизвесност во работењето на компаниите со партнери од ЕУ. И покрај многубројните уверувања од страна на ЕУ дека Македонија е лидер во регионот во техничка подготвеност за визната либерализација, бизнис заедницата се уште не ги чуствува најавените олеснувања во имплементација на визните процедури, ниту пак во однос на визната политика, нагласи Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески на работниот доручек со заменик претседателот на Владата на РМ Ивица Боцевски



# УСЛУГИ ЗА ЧЛЕНКИТЕ

## Примена на меѓународни стандарди

Центарот за унапредување на квалитет во производството и услугите , според своите утврдените работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2008 год.:

- Консултантски услуги за воведување на Ситеми за менаџмент со квалитетот, согласно ИСО 9001:2000:
  - Процесот на имплементација на Систем за менаџмент со квалитет согласно ИСО 9001:2000 е отпочнат во 15 компании;

- Сертификации на Системи за менаџмент со квалитетот**,** во фирми кои го имаат имплементирано системот за менаџмент со квалитет согласно ИСО 9001:2002, согласно договорот со БСИ (Бритисх Стандардс Институтион) и Комората:
  -Извршена е сертификација на Систем за менаџмент со квалитет согласно ИСО 9001:2000 во име на БСИ, во 4 компании;

- Континуирани проверки на Системи за менаџмент со квалитетот**,** во фирми кои го одржуваат Системот за менаџмент со квалитет согласно ИСО 9001:2002:
  -Извршена е континуирана проверка на Систем за менаџмент со квалитет согласно ИСО 9001:2000 во име на БСИ, во 50 компании;

- Консултантски услуги за воведување на Систем за анализа на ризици и критични контролни точки ***(ХАЦЦП)*****;**
  - Процесот на имплементација на Системот за анализа на ризици и критични контролни точки (ХАЦЦП) е отпочнат во 18 компании;

- Консултантски услуги за воведување на Систем за менаџмент со животна средина согласно ИСО 14001:2004);
  -Процесот на имплементација на Системот за менаџмент со животна средина согласно ИСО 14001:20004 е отпочнат во 2 компании;

## ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во Вашата бизнис канцеларија се издаваат сертификати за потекло на производите (Ориѓин, Форм А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за членство во Комората, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2008 до 31.12.2008 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 1160 сертификати за потекло на производите (форм А);
- 13450 сертификати за потекло на производите (ориѓин);
- 204 АТА - карнети;
- 154 потврди за ексклузивитет;
- 5 потврди за единствен производител;
- 1120 препораки за визи;
- 22 потврди за членство во Комората;
- 180 заверки на фактури, договори и други документи (со печат видено во Комора);
- 21 мислење за исполнување на економските услови;
- 6 мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки;
- 1 потврда за виша сила.

## ГС1 Македонија

Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - ГС1 Македонија е единствен овластен претставник на Меѓународната организација ГС1 со ексклузивни права да управува, обезбедува единственост и интегритет на ГС1 системот на територијата на Република Македонија, како и да доделува ГС1 идентификациони броеви на македонските компании за баркодирање на производите и услугите.

Трендот на зголемување на членството во ГС1 Македонија, континуирано присутен сите овие изминати години, продолжи и во 2008 година со 122 новозачленети компании. Со сите нив се потпишани и Договори за членство во ГС1 Македонија. На крајот на 2008 година вкупно 1.400 фирми од Македонија се членки на ГС1 Македонија, кои со баркодирањето на своите производи и услуги се вклучени во современите светски текови на трговијата и се дел од меѓународното семејство од преку 1.000.000 компании, користејќи го заедничкиот јазик и глобалните стандарди за подобрување на својата конкурентност.

Доминантен број на членките, 99.5%, се мали и средни фирми.Меѓутоа, во ГС1 Македонија членуваат и големи компании и системи, значајани чинители на македонската економија, етаблирани во националната и меѓународната бизнис заедница. Структурната застапеност на членството по дејности останува и во 2008 година иста, одн. доминираат секторот на производството и секторот на трговијата, со приближно изедначено учество од околу 50%, додека учеството на останатите сектори е минимално.

ГС1 Македонија сите свои нови членки и членките кои редовно ја измируваат членарината ги вклучува во светскиот регистар на фирми преку меѓународниот проект ГЕПИР.

Бенефитите за македонските компании - членки на ГС1 Македонија е можност за деловно поврзување со преку 1.000.0000 компании од светот, со едноставно пребарување на њеб-страната на ГС1 преку ГТИН бројот на производот (бар кодот) и истовремено можност странските компании да стапат во контакт со македонските компании за остварување на деловен контак

Значителни напори се вложени во афирмација, презентација и промоција на ГС1 Македонија. Системот на цертифицирана акредитација најмногу придонесе за зголемена афирмација и видливост на ГС1 Македонија не само во национални, туку и во меѓународни рамки.

## КОМЕРЦИЈА-МАРКЕТИНГ И ЛОГИСТИКА

Во рамките на политиката за доближување на нашите услуги до компаниите, во текот на 2008 година вкупно се посетени 734 фирми од сите делови на државата, особено онаму каде немаме регионални канцеларии.
Од нив 255 се новозачленети според пополнети пристапници. Исто така во рамките на контактите со фирмите обновено е членството на околу 175 фирми.

Во рамките на продажбата на услугите во 36 компании обновено е членството во ГС1 Македонија, обезбедени се 32 компании за проектот ЦД-пребарувач, обезбедени се 18 банери за претставување на коморскиот сајт, 2 компании како покровители на Стопанската комора на Македонија, 5 компании како спонзори, како И 21 фирма која потпишала договор за воведување на мегународните стандарди ИСО 9000 И ХАЦЦП, а има значаен број обезбедени компании на кои пополниле прашалник за воведување на овие мегународни стандарди И со кои во идниот период ке се склучат договори.

## КОРИСТЕЊЕ НА САЛИТЕ

Во текот на годината одржани се 916 настани од кои дел се во рамките на редовните активности на облиците на организирање а дел се комерцијални настани на заинтересирани субјекти домаШни И странски. Имајки го предвид капацитетот на расположивите работни сали И посетеноста на настаните може да се констатира дека ориентационо учествувале околу 34.000 лица на овие настани или просечно по 135 лица дневно присуствувале на разни состаноци во комората. Овие настани паралелно се опслужени од бифето И по таа основа се реализираат финансиски средства од тие услуги.

## ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД АРБИТРАЖА

Постојаниот избран суд (Арбитража) е самостојна институција при Стопанската комора на Македонија за вонсудско решавање на спорови што настануваат во прометот на стоки и услуги (трговски спорови) и истата е независна во својата работа.

Во текот на 2008 година, до Арбитражата се поднесени 2 барања за поведување постапкаод кои едно баранје е заврсено а другото е во тек

Од поведените постапки во 2007 година, две продолжија и во 2008 година, при што едната постапка која беше поведена на 20.12.2007 година, е завршена на 01.04.2008 со запирање заради неможност за постапување на Постојаниот избран суд (Арбитража) при Стопанската комора на Македонија поради несоодветна и нецелосна арбитражна клаузула. Другата постапка од 2007 година е поведена на 01.11.2007 година, и истата е во мирување, се до поднесувањето на потребната дополнителна документација од страна на тужителот.

Сите поведени постапки се трговски спорови со меѓународен елемент.

Во текот на 2008 година се направени напори за афирмација, презентација и промоција на Постојаниот избран суд (Арбитража) при што се посетени повеќе од 80 домашни компании. Во функција на промоција и соработка, остварена е соработка со Основниот суд Скопје II Скопје, каде се оставени промотивни материјали за Арбитражата.

Под покровителство на Стопанската комора на Македонија, а во организација на издавачката куќа "Робинсон" од Хрватска, во октомври 2008 година, се одржа IV Македонски стручен симпозиум "Пекарство и слаткарство", каде на присутните членови им беше претставена Арбитражата со 15 минутна презентација на предностите за користење на Арбтражата како поефикасен начин за решавање на трговските спорови помеѓу стопанските субјекти. На симпозиумот беа присутни околу 60-70 учесници од земјата и странство.